**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Академија за судии и јавни обвинители**

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

**Скопје**
**Јануари 2011 година**

# СОДРЖИНА

I ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ ..... 3

II ЗАКОНОДАВНА РАМКА ..... 4

III АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА АКАДЕМИЈАТА ..... 5
1. РАБОТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АКАДЕМИЈАТА ..... 5
2. РАБОТА НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ НА АКАДЕМИЈАТА ..... 6
3. РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА ДИРЕКТОРОТ НА АКАДЕМИЈАТА ..... 6

IV РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА ..... 11

V ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ..... 11

VI ПОЧЕТНА ОБУКА ..... 13

VII КОНТИНУИРАНА ОБУКА ..... 21

VIII СОРАБОТКА СО ДОМАШНИ ОРГАНИ, ОРГАНИЗАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ ..... 38

IX МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ..... 38

X КОМПЈУТЕРСКИ СИСТЕМ ..... 48

XI БИБЛИОТЕКА ..... 50

XII БУЏЕТ И ЈАВНИ НАБАВКИ ..... 51

XIII СТАТИСТИКИ ..... 52

XIV ЕВАЛУАЦИЈА ..... 56

XV ЈАВНОСТ НА РАБОТЕЊЕТО ..... 57

# I ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Со овој годишен извештај опфатени се активностите на Академијата за обука на судии и јавни обвинители (понатаму Академијата) за периодот од први јануари 2010 година, заклучно со 31 декември 2010 година (понатаму извештаен период). Во текот на овој извештаен период, во целост се оствари Програмата за работа на Академијата за 2010 година, како и реализација на сите активности што како приоритети беа поставени со Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА), Партнерството за пристапување кон Европската унија и препораките од Извештаите на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2009 и 2010 година. Во таа смисла, на планот на почетната обука на кандидатите за судии и јавни обвинители во целост се оствари Програмата за почетна обука на третата генерација кандидати за судии и јавни обвинители 2009/2010 година, се изврши прием на четврта генерација на кандидати кои ја следат програмата за почетна обука во академската 2010/2011 година, а унапредена е и меѓународната соработка со сè поголема вклученост на кандидатите од почетна обука во меѓународна размена на кандидати.

На полето на континуираната обука на судиите и јавните обвинители и на другите целни групи, во целост беа остварени задачите и целите што произлегуваат од Рамковната програма за постојано стручно усовршување на судиите, јавните обвинители и другите целни групи – 2009/2010 година, како и Годишниот календар и деталните календари на планираните обуки за постојано стручно усовршување на судиите, јавните обвинители и другите целни групи, донесени за реализација на Програмата (деталните тримесечни календари јануари-март 2010 година, април-јули 2010 година и септември-декември 2010 година).

Особено значајно е да се напоменат позитивните оценки што ги доби Академијата за судии и јавни обвинители во Извештајот за проценка на имплементацијата на Стратегијата за реформа во судскиот систем објавен на четврти мај 2010 година од страна на експертите Алесандро Симони и Волфганг Тиде од Soges S.p.A, проектот финансиран од Европската унија. Експертите констатираат дека системот на обука на судиите и јавните обвинители е една од најенергичните активности во рамките на Стратегијата за реформа во судскиот систем што несомнено има свои предности. Извештајот посочува дека избраната структура на Академијата како независна, автономна институција со предодреден буџет, сопствени простории, опрема и човечки ресурси, со Управен одбор составен од претставници на главните правосудни институции во државата, е во согласност со општите меѓународни стандарди, а особено со Препораката Р (94) 12 на Комитетот на министри на Советот на Европа до државите-членки за независноста, ефикасноста и улогата на судиите. Понатаму, во извештајот се констатира дека Академијата функционира мошне добро од аспект на институционален развој и активности, дека почетната обука е од висок стандард, со добро искористување на постојани, повремени и ad hoc обучувачи со повеќе практично искуство отколку чисто теоретско познавање, со значителен придонес од меѓународни експерти и екстензивна употреба на симулации на судења.

Како заокружување на четиригодишното работење на Академијата, донесен е нов Закон за Академија за судии и јавни обвинители што воведува новини во насока на унапредување на работењето на Академијата.

## II ЗАКОНОДАВНА РАМКА

На седницата одржана на втори јули 2010 година, Собранието на Република Македонија го донесе новиот закон за Академија за судии и јавни обвинители, објавен во „Службен весник на Република Македонија", број 88/2010. Законот стапи во сила на десетти јули 2010 година, а почна да се применува од десетти ноември 2010 година.

Со новиот Закон, постојната Академија за обука на судии и јавни обвинители прераснува во Академија за судии и јавни обвинители. Со законот се воведуваат значајни измени во однос на стариот законски текст, и тоа во следните сегменти:

- Општите услови за прием во почетната обука (просек на студии 8, психолошки тест и тест на интегритет, повисоко ниво на познавање на јазиците на ЕУ).
- Продолжување на времетраењето на почетната обука (9 месеци теоретска и 15 месеци практична).
- Воведување на специјализирана обука по завршување на теоретската настава и определување на слушателите за професијата на судија – обвинител.
- Слушателите на почетна обука во Академијата да засноваат работен однос на определено време со Академијата за времетраењето на обуката, сè до нејзиното успешно завршување и изборот за судија или јавен обвинител.
- Полагање испити по завршување на секоја фаза од наставата.
- По завршувањето на почетната обука и стекнувањето на статусот кандидат за судија или јавен обвинител, до изборот за судија или јавен обвинител, кандидатот се упатува во судот, односно до јавното обвинителство, каде што ја изведувал втората фаза од почетната обука заради практицирање на судиската или обвинителската функција под менторство на судија или јавен обвинител, согласно програмата на Академијата.
- Воведување на задолжителна и доброволна континуирана обука.
- Обезбедување на буџетски средства во висина потребна за финансирање на почетната и задолжителната континуирана обука.

Новините се воведени како резултат на доследно спроведување на препораките содржани во Извештаите на Европската комисија за следење на напредокот на Република Македонија од 2007, 2008 и 2009 година, извештајот од Оценската мисија на Европската комисија од март 2008 година, двата оценски извештаи на оценскиот експерт на Проектот КАРДС (од октомври 2007 година и септември 2008 година), како и предлозите за измени на Законот за Академија (од март 2008 година) на Проектот КАРДС 2004 на ЕУ (Техничка помош за создавање институција за обука во правосудството, Фаза 2).

Исто така, извршено е усогласување со постојните европски и меѓународни стандарди за обука, содржани во усвоените документи, заклучоците и препораките на меѓународните форуми и конференции на главните мрежи и носители на меѓународната обука, документите на Советот на Европа, на Европската унија, препораките и заклучоците од годишните седници и форуми на Европската мрежа за обука во правосудството на Европската унија (EJTN) што ја развиваат стратегијата за идната обука на судиите на европско ниво.

Во Преодните и завршните одредби се предвидува обврска за доставување на меѓународно признат сертификат за познавање на странски јазик како услови за прием во почетна обука и да почне да се применува од први јануари 2012 година.

Академијата веќе почна со подготовка на подзаконската регулатива. Имено, Управниот одбор на Академијата формираше работна група за нормативна дејност што работи на подготовка на Предлог-статутот на Академијата за судии и јавни обвинители, текст што е во финална фаза на изработка. Истовремено ќе се работи и на подготовка на останатите општи акти на Академијата што детално треба да го уредат работењето на Академијата согласно новиот Закон.

Согласно Акцискиот план што Владата на Република Македонија го донесе по повод спроведување на препораките содржани во Извештајот за напредокот на Република Македонија за 2010 година, Академијата во координација со Судскиот совет на Република Македонија и Советот на јавните обвинители на Република Македонија, почна активности во насока на подготовка на Стратешки план за утврдување на потребниот број на судии и јавни обвинители за периодот од 2011 до 2013 година и нивно пополнување.

# III АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА АКАДЕМИЈАТА

## *1. РАБОТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АКАДЕМИЈАТА*

Во текот на 2010 година беа одржани **девет седници** на Управниот одбор на Академијата на кои се разгледуваа и се утврдуваа прашања од делокругот на неговите надлежности.

Во таа смисла, Управниот одбор на Академијата, на предлог на директорот на Академијата, ги усвои следните акти, извештаи и програми:

- Извештај за работата на Академијата за обука на судии и јавни обвинители за 2009 година.
- Завршни сметки на Академијата за обука на судии и јавни обвинители за 2009 година.
- Програма за работа на Академијата за обука на судии и јавни обвинители за 2010 година.
- Програма за почетна обука – практична обука за 2010 година.
- Програма за полагање на приемен испит во Академијата за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија за 2010 година.
- Рамковна програма за едукација на судските службеници.
- Програма за почетна обука – теоретска настава 2010/2011 година.
- Рамковна програма за обука на јавнообвинителски службеници 2010-2013 година.
- Општа програма за континуирана обука на судиите и јавните обвинители за 2011-2012 година.
- Правилник за текот и начинот на одвивање на практичниот дел од почетната обука, за правата и обврските на кандидатите за судии и јавни обвинители и за менторите.
- Политика за сигурност на информацискиот систем на Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

- Кодекс на деловна етика и однесување на вработените во Академијата за обука на судии и јавни обвинители.
- Стратегија за обука на Управниот суд.

Управниот одбор во 2010 година донесе и бројни одлуки согласно Законот и Статутот на Академијата, што се однесуваат на секојдневното работење на Академијата. Исто така, формираше и две комисии, и тоа Комисија за именување директор на Академијата, што ја спроведе постапката на именување директор во септември 2010 година, како и Комисија за нормативна дејност, што работи на подготовка на текстот на Нацрт-статутот на Академијата за судии и јавни обвинители.

## *2. РАБОТА НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ НА АКАДЕМИЈАТА*

И во 2010 година Програмскиот совет како стручен орган на Академијата, постапувајќи во рамките на своите надлежности предвидени со Законот и Статутот на Академијата, одржа вкупно шест седници со кои претседаваше директорот на Академијата и на кои даде насоки и ги утврди следните предлози на програми:

- Предлог-програма за почетна обука во Академијата за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија – практична настава.
- Предлог-програма за полагање на приемен испит во Академијата за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија за 2010 година.
- Предлог-рамковна програма за едукација на судска администрација 2010-2013 година.
- Предлог-програма за почетна обука – теоретска настава за 2010/2011 година.
- Предлог-рамковна програма за обука на јавнообвинителски службеници (2010-2013 година).
- Предлог-општа програма за континуирана обука на судиите и јавните обвинители 2011-2012 година.

Програмскиот совет континуирано работи на надградба и унапредување на програмите за обука, наставните методологии и техники во соработка со едукаторите и менторите, а со новиот Закон за Академија за судии и јавни обвинители добива поишироки ингеренции. Имено, добива надлежност да го следи реализирањето на програмите и нивната ефикасност и успешност; да ги обновува и да ги развива програмите за обука во зависност од годишната анализа на потребите за обука, извршената евалуација, предлозите и сугестиите на учесниците на обуките, предавачите и менторите, како и домашното и меѓународното законодавство и практика; да дава мислење за листата на предавачи; да дава совети, предлози и сугестии на органите на Академијата за подобрување на квалитетот на наставата.

## *3. РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА ДИРЕКТОРОТ НА АКАДЕМИЈАТА*

Како раководен орган на Академијата, директорот, во текот на 2010 година, ги вршеше своите надлежности предвидени со Законот и Статутот на Академијата. Имено, раководеше со целокупното работење на Академијата, се грижеше за извршување на одлуките на Управниот одбор, поднесуваше предлози за донесување на општи акти и извештаи, изготви и поднесе до Управниот одбор на Академијата Предлог-програма за работа на Академијата за 2010 година, претседаваше со седниците на Програмскиот совет, учествуваше во работата на седниците на Управниот одбор без право на глас на кои редовно поднесуваше извештаи за остварените активности на Академијата во периодот

помеѓу две седници, го координираше спроведувањето на почетната и на континуираната обука, ја застапуваше и ја претставуваше Академијата во соработката со домашни и меѓународни органи, организации и проекти и вршеше други работи неопходни за работењето на Академијата и за обезбедување услови за нејзино секојдневно нормално функционирање.

Директорот и во 2010 година ги продолжи своите активности како член на Судско-буџетскиот совет на чиишто седници редовно присуствуваше и даваше придонес во работењето на ова тело, беше член на работната група за подготовка на измените на Законот за судски буџет, како член на Работната група за подготовка на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија и подготовка на преговарачките позиции за преговори за членство во Европската унија до Министерството за правда на Република Македонија достави и предлози за ревизија на НПАА за 2011-2013 година. Раководеше со проектниот комитет на Проектот ИПА на Академијата, член е и на Проектниот комитет на ИПА на Управен суд, на работната група на Проектот на ИОМ и ЕК.

Исто така, како претседател на работната група за изготвување на новиот Закон за Академија за судии и јавни обвинители, директорот учествуваше во работата на изготвување на текстот на законот, беше претседател и на работната група формирана во Министерството за правда, што го изработи акцискиот план за имплементација на новиот Закон за кривична постапка, што беше усвоен од Собранието на Република Македонија на 17 ноември 2010 година.

Како претседател на уредувачкиот одбор на стручното списание на Академијата „IUSTICIA“ ја координираше подготовката на два броја на ова списание, при што и учествуваше со два натписа во ова списание и тоа „***Претставување на мислењето бр. 12 на КСЕС за односите помеѓу судиите и јавните обвинители и подготвителните активности***“, објавен во мај 2010 година во вториот број на стручното списание „Јустиција“, и „***Македонија, домаќин на првата меѓународна конференција на совет на Европа***“, објавен во ноември 2010 година во третиот број на стручното списание „Јустиција“.

Во развивањето на стручната мисла, директорот на Академијата придонесе и со свои натписи во други стручни публикации меѓу кои публикацијата на ГТЗ од 2010 година со наслов „Улогата на жената во процесот на правна и економска реформа во Македонија“, во која беше објавен натпис на тема „***Улогата на жените судии и јавни обвинители како гаранти за заштита на човековите права и слободи во судските процеси***“, како и во публикацијата на Германската фондацијата „Конрад Аденауер“ со наслов „Политичка мисла“, каде што беше објавен натписот „***Воспоставување на Академијата за судии и јавни обвинители и нејзините активности***“.

Во текот на 2010 година, директорот на Академијата одржа предавања и излагања, како пред судиите и јавните обвинители во рамките на континуираната обука, така и пред кандидатите за судии и јавни обвинители од почетна обука, и тоа на следните теми:

- Во јануари 2010 година – предавање на кандидатите од почетна обука за меѓународните документи што ја осигуруваат ефикасноста и непристрасноста на судството со посебен осврт на мислењата на КСЕС.
- На националната конференција за „Новата улога на јавните обвинители и истражители согласно новиот Закон за кривична постапка, противправно стекнување имот и проширена конфискација“, што се одржа од 10 до 12 март 2010 година, во

соработка со Програмата ОПДАТ при Амбасадата на САД во Скопје и Здружението на јавните обвинители на Република Македонија – презентација на Мислењето број 12 на КСЕС.

- На меѓународната конференција „Улогата на судиите во извршувањето на судските одлуки во граѓанската, управната и кривичната област", што се одржа на четврти јуни 2010 година, во соработка со Совет на Европа – Консултативен совет на европски судии – презентација на активностите на Република Македонија во досегашната дистрибуција и имплементација на мислењата на Консултативниот совет на европски судии во правосудството во Република Македонија.
- На обуката посветена на новиот Закон за кривична постапка, одржана од 23 до 26 јуни 2010 година – предавање на тема „Улогата и овластувањата на судијата на претходна постапка".
- На семинарот на тема „Независноста на судството како основа за владеење на правото", одржан од 29 до 30 септември 2010 година, во соработка со Здружението на судиите на Република Македонија, Здружението на јавните обвинители на Република Македонија и Програмата ОПДАТ при Амбасадата на САД во Скопје – предавање на тема „Меѓународни стандарди во врска со критериумите за избор и унапредување на судиите и јавните обвинители и улогата на институциите за обука на судии и јавни обвинители".
- На конференцијата на тема „Резултатите од преземените реформски активности во областа на ефикасноста на правдата и презентирање на проектот за кодификација на граѓанското право", организирана по повод Европскиот ден на граѓанска правда, одржана на 25 октомври 2010 година, во соработка со Врховниот суд на Република Македонија – презентација на Мислењата 6 и 7 на Консултативниот совет на европски судии.
- На специјализираната обука за претседатели на судови на тема „Вештини на раководење со судовите, ресурсите, приливот и заостатокот на предмети", одржана на 11 ноември 2010 година – предавање на тема „Улогата на претседателите на судовите/компаративни искуства на земјите-членки на Советот на Европа".
- На регионалната конференција на тема „Независност на судството", што се одржа од 23 до 24 ноември 2010 година, во соработка со Здружението на судии на Република Македонија и ОБСЕ – предавање на тема „Меѓународни гаранции за независно судство, компаративни искуства, нивна имплементација во Република Македонија и улогата на Консултативниот совет на европски судии (КСЕС) во унапредување на статусот на судиите во Европа".
- На подиумската дискусија во организација на Фондацијата „Конрад Аденауер" и Институтот за демократија „Societas Civilis" – Скопје, што се одржа на 13 декември 2010 година – излагање на тема „Предизвици при имплементирањето на владеењето на правото во Македонија и регионот – Улогата на Академијата во унапредување на независноста и ефикасноста на правосудството на РМ".
- На тркалезната маса на тема „Вовед во правото за бегалци III: Доделување статус на бегалец и супсидијарна заштита – Судско преразгледување на решенија по барања за азил", што се одржа од 14 до 16 декември 2010 година – преглед на современите активности и документи на Советот на Европа.
- На семинарот на тема „Право на слобода на информирање", што се одржа на 20 декември 2010 година, во соработка со Германската фондација за меѓународна правна соработка (IRZ – Фондација) – изложување на документите на Советот на Европа во односите на судството и медиумите со компаративни искуства.
- Во текот на годината спроведе активност на преведување и широка дистрибуција на најновите документи и мислења на органите и телата на Советот на Европа.

- Со финансиска поддршка на ОБСЕ – мисија Скопје, подготвува компилација на документи за меѓународните принципи од областа на правосудството.

Како дел од многубројните активности, директорот со свое обраќање беше дел и од свеченоста во организација на Делегацијата на Европската унија во Република Македонија и конзорциумот предводен од компанијата „Хјуман дајнамикс“ (Human Dynamics) од Австрија во октомври 2010 година, а беше организирана со цел промоција и претставување на Проектот ИПА 2008 – „Понатамошно јакнење на институционалните капацитети на Академијата за обука на судии и јавни обвинители“. Исто така, ја модерираше дводневната конференција по повод промоцијата на Проектот МАТРА за македонска јуриспруденција, одржана во ноември 2010 година; зеде учество на конференцијата по повод претставување и промовирање на Проектот ИПА за Управниот суд, што се одржа во јуни 2010 година; на регионалната конференција во организација на Академијата за судии и јавни обвинители, Здружението на јавните обвинители, ОБСЕ и ОПДАТ на тема „Изнаоѓање заедничко решение за ефикасно гонење на организираниот криминал – злосторничко здружување, поим, дефиниција, карактеристики и примена на посебни истражни мерки“, одржана во септември 2010 година; на регионалната конференција на тема „Борба против корупција – интегративна спрега од домашни и меѓународни активности“ и конференцијата „Зајакнување на принципот на супсидијарност – интегрирање на судската пракса на ЕСЧП во националното законодавство и праксата на домашните судови“, организирани од Министерството за правда на Република Македонија и одржани во октомври 2010 година во рамките на македонското претседателство со Комитетот на министри на Советот на Европа; на годишното собрание на Здружението на јавните обвинители одржано во декември 2010 година.

Со свои воведни излагања даде придонес во сите обуки, каде што како предавачи беа ангажирани странски експерти, остваруваше редовни средби со странски предавачи, со претставници на меѓународни организации, амбасади и домашни и странски проекти.

Во рамките на своите надлежности, директорот во текот на 2010 година донесе бројни одлуки согласно со Законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители, Законот за јавни набавки, Законот за работни односи, Законот за државни службеници, Законот за извршување на буџетот на Република Македонија, Законот за платен промет, Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, Законот за безбедност и здравје при работа, Законот за постапување по претставки и предлози, Уредбата за канцелариско и архивско работење, како и други одлуки што произлегуваа од потребите за непречено одвивање на дејноста на Академијата.

И во 2010 година, директорот ги продолжи активностите во рамките на Работната група на Консултативниот совет на европски судии (CCJE) при Советот на Европа, чијшто член е од 2005 година. Имено, Академијата, во соработка со Министерството за правда на Република Македонија, Судскиот совет на Република Македонија и Врховниот суд на Република Македонија, а во рамките на македонското претседателство со Комитетот на министри на Советот на Европа, а на покана на министерот за правда, беше домаќин на 19. Состанок на Консултативниот совет на европски судии, што се одржа од први до трети јуни 2010 година во Охрид и на меѓународната конференција на тема „Улогата на судиите во извршување на судските одлуки во граѓанска, управна и кривична област“, што се одржа на четврти јуни 2010 година во Скопје. Во ноември 2010 година, директорот учествуваше на 11-тиот пленарен состанок на Консултативниот совет на европски судии во Стразбур,

Република Франција, каде што повторно беше избрана за член на работната група за 2011 година, што ќе го изготви мислењето на тема „Нематеријализација на правосудството“.

Имајќи го предвид статусот на Академијата како набљудувач во Европската мрежа за обука на правосудството (EJTH), директорот во мај 2010 година зема учество на 13. Генерално собрание на EJTH, што се одржа во Мадрид, Кралство Шпанија.

Директорот на Академијата за судии и јавни обвинители ја продолжи интензивната соработка со директорите на школите на Хрватска, Албанија, Србија, Косово, Романија, Франција и други школи од регионот и пошироко.

Имено, на покана на директорот на Косовскиот правосуден институт, г. Лавдим Красниќи, во септември 2010 година, директорот на Академијата присуствуваше на свечената церемонија по повод почнувањето на почетната обука на третата генерација на кандидатите за судии и јавни обвинители, а во декември 2010 година на завршната церемонија по повод доделувањето на дипломите на втората генерација на завршени кандидати на Косовскиот правосуден институт.

Директорот на Академијата беше дел од македонската делегација предводена од министерот за правда на Република Македонија, која во април 2010 година оствари посета на Република Словачка на покана на министерот за правда на Република Словачка.

Во јуни 2010 година, директорот на Академијата ја предводеше групата составена од претседателот на Судскиот совет на Република Македонија, како и судии и други претставници на Врховниот суд на Република Македонија, која оствари посета на Европскиот суд на правдата во Луксембург и оствари средба со претседателот на ЕСП, г. Василис Скоурис.

Како претставник на Академијата, во септември 2010 година, директорот на Академијата беше дел од делегацијата од Република Македонија, која учествуваше на Седмиот состанок на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност во Брисел, Белгија.

Во декември 2010 година, директорот на Академијата за судии и јавни обвинители присуствуваше на дводневната Конференција во организација на Центарот за обука и усовршување за правосудството на Холандија – SSR (Stichting Studiecentrum Rechtsplging), што се одржа во Хаг, Кралство Холандија. На Конференцијата што беше наменета за директори и претставници на институции за правосудна обука во Европа, директорот ги презентираше организацијата и надлежностите на Академијата за судии и јавни обвинители, како и резултатите што досега ги има постигнато, а настанот имаше за цел да се разменат мислења во врска со досегашниот развој на правосудните институции за обука и на тој начин, црпејќи инспирација од изминатите искуства, да се изнајдат помодерни решенија со кои ќе се создаде поефикасна едукација во иднина.

Имено, 2010 година беше заокружување на четиригодишниот мандат на директорот на Академијата, судија Анета Арнаудовска, која со одлука на Управниот одбор на Академијата на 22 септември 2010 година беше повторно именувана на оваа функција со мандат од четири години.

## IV РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА

Стручната служба на Академијата во текот на 2010 година ги извршуваше сите активности и задачи неопходни за непречено функционирање на Академијата и остварување на поставените цели од сите сегменти на нејзиното работење. Во таа смисла, значителен придонес даде во спроведувањето на програмите за почетна и континуирана обука, стручна, техничка и логистичка поддршка на комисиите за приемен и завршен испит, поддршка во остварување на надлежностите на органите и телата на Академијата, поддршка на едукаторите и менторите како носители на едукативниот процес, организација на студиски посети и обуки во странство, како и поддршка во организацијата на приеми на странски делегации во Академијата. Исто така, навремено беа извршени и сите обврски и приоритети што произлегуваат согласно прописите за работни односи, јавните набавки, буџетот, како и други активности со кои се овозможи унапредување на работата на Академијата и јакнење на нејзините капацитети.

## V ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Во 2010 година, во Академијата, покрај директорот, беа ангажирани вкупно 18 лица, од кои 15 во редовен работен однос (13 државни службеници и двајца вработени согласно Законот за работни односи), еден ангажиран на проект и двајца волонтери.

Од вкупно предвидени и побарани седум вработувања согласно Програмата НПАА на Владата на Република Македонија во 2010 година, Академијата доби согласност од Министерството за финансии само за едно привремено вработување, што е реализирано и тоа:

- Виш соработник за библиотечно работење и правно пребарување.

Со ова и последното привремено вработување во Академијата беше трансформирано во работен однос на неопределено време.

Графички прикажана структурата на вработени во Академијата изгледа вака:




Видно од погоренаведените податоци, досегашните вработувања се одвиваат согласно НПАА, додека, пак, воопшто нема лица ангажирани преку агенциите за привремени

вработувања. Со тоа, од страна на Академијата во целост е остварена препораката по однос на привремените вработувања дадена од Европската комисија во Извештајот за напредокот на Република Македонија во 2009 година.

Во насока на јакнење на човечките капацитети поради ефикасно, професионално и навремено вршење на големиот обем на дејности предвидени согласно Законот и подзаконските акти, Академијата има потреба од натамошно кадровско екипирање.

Согласно НПАА, за 2011 година се планираат вкупно осум вработувања, и тоа за следните работни места:

1. Раководител на сектор – 1 извршител;
2. Раководител на одделение – 1 извршител;
3. Советник – 2 извршители;
4. Виш соработник – 4 извршители.

Со задоволство може да се истакне дека за секој вработен во Академијата обезбедени се солидни работни услови. Имено, обезбеден е соодветен канцелариски простор и персонален компјутер за секој вработен со пристап до Интернет.

Во поглед на стручното усовршување на раководната структура и стручната служба беше изготвена и годишна програма за обука на менаџерската структура и на вработените во Академијата за разни сегменти од делокругот на нивното работење, а во насока на извршување на задачите на високопрофесионално ниво што континуирано ќе го надградуваат.

Во текот на 2010 година, вработените посетувале вкупно 18 обуки од областа на работните односи, политиките на Европската унија, информатичките технологии, архивското работење, дизајнирање проекти, развивање на управувачки способности на раководни државни службеници, јавни набавки, финансиско планирање, е-влада (e-governance) итн.

Во насока на унапредување на работните вештини, следење на измените и дополнувањата на законските прописи, како и јакнење на комуникацијата и соработката со своите колеги од останатите државни институции, Академијата остварува перманентна соработка со Агенцијата за државни службеници, Бирото за јавни набавки, стручната служба на Судско-буџетскиот совет и други институции, а поради вклучување на вработените во соодветни обуки.

Во правец на доизградување на внатрешната регулатива на Академијата донесени се интерните акти за деловно работење, и тоа: Кодекс на деловна етика и однесување на вработените во Академијата за обука на судии и јавни обвинители и Политика за сигурност на информацискиот систем на Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

## VI ПОЧЕТНА ОБУКА

**А) Трета генерација на кандидати 2009/2010 година – вкупно 17 кандидати**

❖ **Теоретска настава**

Теоретската настава за третата генерација почна на 15 септември 2009 година, а заврши на 18 февруари 2010 година **и таа е реализирана стоотстотно согласно Програмата за теоретска настава 2009/2010 година.**

**Националната и половата структура на кандидатите од третата генерација е следна**:







Теоретската настава се одвиваше согласно новоусвоената програма усогласена со најновите измени на домашното и меѓународното законодавство и пракса, со потребите на реформите на правосудството на Република Македонија во правец на усогласување со правото на Европската унија и меѓународното право и компаративната пракса на другите академии. Согласно резултатите од евалуацијата спроведена меѓу кандидатите и менторите, усвоен е нов Правилник за теоретската настава, во кој се унапредени критериумите за објективно оценување и вреднување на прогресот на кандидатите, внесување на поголем натпревар меѓу кандидатите и создавање на пореална ранг-листа, воведени се обврски за едукаторите за зајакнување на практичниот аспект на наставата, а на крајот на наставата, наместо периодични тестови, предвидено е спроведување на завршен тест, поделен во три групи на тестови, и тоа: еден за правните предмети, еден за специјалните предмети и еден за општите предмети.

Прегледот на вкупно одржани часа во текот на теоретската настава е следен:




Во рамките на дополнителната настава, свои предавања имаа десет домашни и шест странски експерти.




Со сумирање на резултатите од другите форми на оценување на кандидатите од страна на едукаторските тимови, Академијата изготви и објави ранг-листа за резултатите од теоретската настава.

❖ **Практична настава**

Во извештајниот период постигната е стоотстотна реализација на практичната обука согласно Програмата за почетна обука – практична обука.

Практичната обука кандидатите почнаа да ја посетуваат од втори март 2010 година и таа, согласно програмата за практична обука, заврши на 19 ноември 2010 година, по што кандидатите имаа еден месец за подготовка за полагање на завршниот испит. И за оваа

генерација менторството се одвиваше по регионален принцип согласно регионалното потекло на кандидатите, односно кандидатите беа распоредени на практична настава во судовите и обвинителствата на четирите апелациски подрачја (Скопје, Битола, Штип и Гостивар). Менторството за кандидатите од апелациското подрачје Гостивар се одвиваше во Основниот суд Тетово и Основното јавно обвинителство Тетово поради потребниот број на судии и јавни обвинители од сите оддели што според програмата ја спроведуваат наставата.

Согласно со живеалиштето, кандидатите беа распоредени во четирите апелациски подрачја во зависност од регионалното потекло и тоа: Скопје – 13 кандидати, Битола – 1 кандидат, Штип – 1 кандидат и Гостивар – 2 кандидати.

Согласно резултатите од спроведената евалуација за реализираната практична обука за првата и втората генерација на кандидати, а во правец на унапредување на критериумите за следење на прогресот на кандидатите со цел за пообјективно оценување и пореална ранг-листа беше усвоен нов Правилник за практичната обука. Така, во него се внесени новини со кои се подобрува менторството, заострени се критериумите на оценување, со воведување на задолжително оценување на одреден број изработени пресуди и обвинителни акти, како и на одреден број на реализирани улоги во симулации во текот на практичната обука, но и одреден квантум на задолжителни активности што секој кандидат мора да ги исполни во текот на обуката со што се подобрува и се допрецизира ангажманот и улогата на менторите.

За реализирање на практичната настава беа ангажирани вкупно 70 ментори, од кои 18 судии од апелациските судови, 30 судии од основните судови, 10 јавни обвинители од вишите јавни обвинителства и 12 јавни обвинители од основните јавни обвинителства.




Структурата на ментори по апелациски подрачја е следна:




Согласно со Програмата за практична обука, менторството се одвиваше на следниот начин:

- 10 недели во основен суд, во сите оддели од кривичната област,
- 10 недели во основен суд, во сите оддели од граѓанска област,
- 2 недели во апелациски суд, во оддел од кривичната област,
- 2 недели во апелациски суд, во оддел од граѓанска област,
- 10 недели во основно јавно обвинителство,
- 2 недели во вишо јавно обвинителство.

Кандидатите беа упатувани на практична работа и во други институции поврзани со судската и обвинителската функција и тоа во Министерството за внатрешни работи на Република Македонија – Секторот за криминалистичка техника, Институт за судска медицина и криминалистика, казнено-поправните домови, Центар за социјални работи, Катастар итн.

Практичната обука се реализираше преку:

- присуство на расправи и претреси што ги води менторот или друг судија,
- изготвување нацрт-судски одлуки, нацрт-обвиненија и други акти,
- учество на симулирани судења,
- извршување на правни работи во други правосудни органи и сродни институции и организации.

Во текот на практичната обука бројот на одржани симулирани судења во сите менторски подрачја е како што следи:




По завршувањето на практичната обука, во периодот од 26 до 28 ноември се одржа подготвителна настава на кандидатите и нивните ментори за полагање на завршен испит поради сестрана подготовка на кандидатите за полагање на завршниот испит, како и поради усогласување на разликите во судската пракса што постојат на различни апелациски подрачја.

Во апелациските подрачја, покрај координаторите на менторските тимови за секој кандидат, беа назначени и регионални координатори за секој регион, поради постигнување на подобра координација и одржување на постојана и непречена комуникација помеѓу Академијата, менторите и кандидатите. Во спроведување на менторството значајна улога имаше поддршката и супервизорската улога на претседателите на апелациските и основните судови, како и јавните обвинители на вишите и основните јавни обвинителства, каде што се одвиваше менторството.

- **Завршен испит**

Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители, на седницата одржана на 29 ноември 2010 година, врз основа на предлозите на надлежните институции со одлука ја конституираше Комисијата за завршен испит.

На 13 и 14 декември 2010 година во просториите на Информатичкиот центар на Министерството за правда на Република Македонија се спроведе писмениот дел од завршниот испит, односно изготвување пресуда во кривичен или граѓански предмет и изготвување на обвинителен акт. Вториот сегмент од завршниот испит се симулациите на судења во граѓански и кривични предмети што се одржаа на 15 и 16 декември, а усниот дел од испитот се одржа на 20 декември 2010 година.

Комисијата на 20 декември 2010 година изврши сумирање на бодовите од сите три дела на завршниот испит (писмениот дел, симулацијата на судење и усниот дел) со што го утврди вкупниот резултат од завршниот испит за секој кандидат одделно на која прелиминарна ранг-листа не беше поднесен ниту еден приговор.

На 28 декември 2010 година, Комисијата изврши сумирање на вкупниот успех на кандидатите во почетна обука и така изготвените резултати со вкупен успех ги објави во форма на прелиминарна ранг-листа. На 29 декември 2010 година беше објавена и конечната ранг-листа од вкупниот успех на кандидатите во почетна обука 2009/2010 година, согласно која сите 17 кандидати од третата генерација успешно ја завршија почетната обука, листа на која не беа поднесени приговори.

**Б) Четврта генерација на кандидати 2010/2011 – вкупно девет кандидати**

На четврти мај 2010 година Академијата распиша јавен оглас за прием на четвртата генерација кандидати во почетна обука. На огласот се пријавија вкупно 62 заинтересирани кандидати од кои девет беа примени во почетна обука, а согласно бројот на слободни судиски и обвинителски места објавени од страна на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители.

Заради подготовка за полагање на приемниот испит и спроведување на начелото на правична и соодветна застапеност, Академијата за сите кандидати пријавени на огласот спроведе подготвителна настава. Подготвителната настава беше организирана во вид на еднодневен семинар што опфати запознавање на пријавените кандидати со работата на Академијата и постапката за селекција на кандидати, беше презентирано остварувањето на уставното начело на правична и соодветна застапеност на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија, беа претставени новините во процесното законодавство во Република Македонија, а исто така беше направена и симулација на квалификацискиот тест и на приемниот испит.

Половата и националната структурата на кандидатите од **четвртата генерација** е следна:







**Теоретската настава** за четвртата генерација почна на 15 септември 2010 година и се спроведува во траење од 15 месеци.

**За реализирање на теоретската настава во почетната обука, од листата на постојани едукатори на Академијата беа ангажирани вкупно 41 едукатор со следната структура:**




Во рамките на теоретската настава во периодот од 15 септември 2010 година до 31 декември 2010 година одржани се вкупно 537 часа од кои 504 редовни, а 33 дополнителни часа. Исто така, остварени се и шест посети на институции, и тоа во основните судови Скопје 1 и Скопје 2, Институт за судска медицина и криминалистика, Централен регистар на Република Македонија, Оддел за криминалистичка техника при Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и нотарска канцеларија.

Графички прикажан бројот на одржани часови во рамките на теоретската настава е следен:




Бројот на редовни часови по предмети е следен:




Прегледот на бројот на часови во рамките на дополнителната настава е следен:




За реализација на дополнителната настава ангажирани беа вкупно 20 експерти од кои 12 домашни експерти, а 8 странски експерти.



Со цел за професионално и ефикасно извршување на судиската/обвинителската функција, за реализација на програмата за почетна обука, беа ангажирани едукатори од различен профил, домашни и странски, и тоа покрај судии и јавни обвинители од сите инстанции, беа вклучени и професори на правните и другите факултети, државните службеници од Министерството за правда од областа на правосудството, но и меѓународна соработка, како и од секторот на владиниот агент, адвокати, заменици на народниот правобранител, Омбудсманот и други државни органи и институции – партнери во обуките (Министерство за внатрешни работи на Република Македонија, Министерство за труд и социјална политика, Државен инспекторат за животна средина, Управа за спречување перење пари и финансирање тероризам, Државна комисија за спречување корупција, Биро за јавни набавки, Управата за финансиска полиција, Царинската управа, сите органи на управата со формирани прекршочни комисии, Комисија за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, Агенција за управување со одземен имот, Комисија за заштита на конкуренција, Организација за заштита на потрошувачите и други) психолози, психијатари, доктори по судска медицина, експерти по компјутерски криминал, судски вештаци, ИТ-експерти, експерти по странски јазици, економисти, новинари, претставници на НВО што се занимаваат со прашања од областа на заштита на човековите права, особено од областа на заштита на жртвите и ранливи категории, семејно насилство, недискриминација и сл. нотари, извршители, медијатори итн.

## VII КОНТИНУИРАНА ОБУКА

### СОДРЖИНА НА ОБУКИТЕ

Меѓу предвидените мерки и активности за реализација на главните приоритети за пристапување во ЕУ е и реализација на планот на континуирана обука на судиите и јавните обвинители, активност што Академијата континуирано ја спроведува, нудејќи им на судиите и јавните обвинители обуки за прашања и теми од областа на нивната специјалност, а следејќи ги најновите измени во националната законска легислатива, но и најновите случувања, измени во регулативата, како и праксите на институциите и телата на Европската унија и Советот на Европа. Секако, особен акцент беше ставен на обуки во областите и темите што со Партнерството за пристапување беа посочени како приоритетни за усогласување на законската регулатива со acquis, а кои исто така се предвидени и со Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА) за 2010 година, и тоа особено обуки во следните области: примена на Законот за прекршоци (во соработка со Министерството за правда), евалуацијата на судиите и јавните обвинители, обуки за измените на Кривичниот законик и новиот Закон за кривична постапка, обуки за борба против



организиран криминал и корупцијата и финансискиот криминал, примена на специјални истражни мерки, за судир на интереси, примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, примена на Европската конвенција за човекови права, одделни области од правото на ЕУ, обуки за зајакнување на капацитетите на судството за деловно опкружување итн.

Континуираната обука на судиите и јавните обвинители се одвиваше согласно Рамковната програма за постојано стручно усовршување на судии и јавни обвинители 2009/2010 година и деталните тримесечни календари[1] (јануари-март 2010 година, април-јули 2010 година и септември-декември 2010 година) со што во целост се реализираше наведената двегодишна програма.

## БРОЈ НА ОБУКИ ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД

Во периодот од 1 јануари 2010 година до 31 декември 2010 година во организација на Академијата реализирани се вкупно 242 обуки, со поминати 2.043 часови на обука и со учество на 7.047 учесници од кои 3.759 учесници се судии, 1.161 обвинители, 951 судски соработници, 109 стручни соработници од обвинителствата, 45 раководни службеници од судството, 19 раководни службеници од обвинителствата, 40 административни судски службеници, 8 административни службеници од обвинителствата и 955 други учесници вработени во министерствата или други домашни институции, организации, невладин сектор, поканети од страна на Академијата, а кои работат на области поврзани со содржината на обуката.

## СТРУКТУРА НА ЦЕЛНИТЕ ГРУПИ




## ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОБУКИТЕ

Од вкупно реализираните 242 обуки во извештајниот период, 157 обуки се во самостојна организација на Академијата, додека 86 обуки Академијата ги организираше во соработка и кофинансирање со други домашни и странски проекти, здруженија, организации и институции.

Процентуално прикажано, тоа би изгледало како на графичкиот приказ што следи:




**СОДРЖИНА НА ОБУКИТЕ**

Од вкупно реализираните 242 обуки во извештајниот период, 69 обуки се од областа на граѓанското право, 81 обука од областа на кривично право, 39 обуки од областа на меѓународно право, 16 обуки беа посветени на правото на ЕУ, 11 од областа на трговското право, 7 обуки од областа на управно право, 1 обука од областа на уставно право и 18 општи обуки.

Графички прикажана структурата на обуките изгледа вака:



Во успешна реализација на обуките спроведени во текот на извештајниот период, свој придонес дадоа вкупно 277 едукатори, од кои 95 странски експерти и 182 домашни експерти.




Од домашните експерти **51 се судии**, **19 се јавни обвинители и 112 други експерти**, согласно областите што беа опфатени со обуките, како, на пример, експерти од соодветните министерства, заводи, управи и други државни органи, институции и организации, особено од оние со кои Академијата во партнерство ги исполнува обврските за обуки согласно НПАА (првенствено Министерството за правда, Министерството за финансии, МВР на РМ, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за економија, Државниот завод за индустриска сопственост, Агенцијата за катастар на недвижности, Народниот правобранител, Државното правобранителство, Берзата, Центарот за социјални работи, експерти од невладиниот сектор, судии во пензија, професори, асистенти, адвокати, нотари, извршители, вештаци, психијатари и многу други, од профил потребен за конкретната обука).



1. **<u>МЕТОДОЛОГИЈА И ЦЕЛНИ ГРУПИ, СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА ЗА КОНТИНУИРАНА ОБУКА</u>**

## ДЕЦЕНТРАЛИЗИРАН СИСТЕМ НА ОБУКА

Академијата уште од почетокот на работата развива систем на децентрализирана обука, што е широкоподдржан од сите целни групи во регионите. Имено, дел од обуките покрај просториите на Академијата, се одвиваат и во салите на Апелациските судови во Битола и Штип.

Со оглед на малиот број на учесници, за припадниците на целните групи од Апелациското подрачје Гостивар, поради финансиска оправданост, обуките се одвиваат во Академијата, заеднички со целните групи од Апелациското подрачје Скопје.

Заради добра координација во реализирање на обуките во регионите Академијата во секој суд и во секое јавно обвинителство од сите инстанции, како и во Министерството за правда, има назначено лица за контакт за обуките што помагаат при подготовка на анализата на потребите во одделните судови и јавни обвинителства и сублимирање на темите од одделните области. Исто така, вработени од стручната служба на Академијата, согласно планот за работа и усвоениот календар за обуки, присуствуваат на обуките во регионите, даваат техничка и стручна помош на предавачите, водат записници и изготвуваат извештаи за секоја обука.




## МЕТОДОЛОГИЈА И ФОРМИ НА ОБУКИТЕ

Во поглед на наставната методологија и формите, Академијата ги спроведе обуките во вид на семинари, работилници, конференции, тркалезни маси, расправи, со употреба на најсовремени методи и техники и со фокус на практичниот аспект на наставата.

Во поглед на структурата на целните групи, учесници на обуките, беше применет принципот на интердисциплинарни обуки со учество на главните целни групи – судии и јавни обвинители, но и други учесници со кои заедно ги спроведуваат или соработуваат во примената на односниот закон (МВР, Царинска управа, Управа за финансиска полиција, Управата за спречување перење пари и финансирање тероризам, Центар за социјални работи, прекршочни комисии на органите на управа, Агенција за катастар на недвижности, Адвокатска комора, Нотарска комора, Комора на медијатори, Комора на извршители, Дирекција за заштита на лични податоци, Државен пазарен инспекторат, Институт за судска медицина, Биро за судски вештачења и др.).

Во поглед на структурата на обуките, продолжи организирање на обуките според областите на работење на судиите и јавните обвинители – кривично, граѓанско, трговско, работни спорови, малолетници, потоа од областа на борбата против организиран криминал, корупција и новите форми на софистициран криминал, обуки за меѓународно право и право на ЕУ, интелектуална сопственост, како и обуки за комплементарните и општите теми – медијација, етика, комуникациски вештини, управување со предметите, односи со медиумите итн.

## СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ ПРОГРАМИ

### Специјализирана обука на новоизбраните судии и јавни обвинители

Обуките за новоизбраните судии во основните судови и новоизбраните јавни обвинители во основните јавни обвинителства, се организираа според посебна специјализирана програма врз основа на која беа спроведени повеќедневни, интензивни, посебно дизајнирани обуки според три посебни модули од исклучиво практичен аспект, и тоа:

Модулот **Казнено право** се спроведе во периодот од петти до десетти јули 2010 година, за 18 учесници од кои 12 новоизбрани судии и 6 новоизбрани јавни обвинители, со 45 наставни часови обука според посебно дизајнирана програма за потребите на оваа целна група.

Модулот **Граѓанско право** се спроведе во периодот од петти до десетти јули 2010 година, за 18 новоизбрани судии, со 42 наставни часови обука според посебна програма.

Модулот **Општи теми**, како заедничка обука за новоизбраните судии (вкупно 38) и новоизбраните јавни обвинители (вкупно 12), се спроведе во периодот од 23 до 25 септември 2010 година, со 20 наставни часови обука, според посебна програма.

Специјализираните обуки се спроведоа со цел, унапредување на знаењата и практичните вештини на новоизбраните судии и јавни обвинители за соодветна примена на важечките прописи од сферата на казненото и граѓанското право и подготовка за имплементација на новите концепти на кривичната и парничната постапка, како и примена на меѓународните и европските стандарди во соодветните области и професионално извршување на судската и обвинителската функција.

Специјализираните обуки се спроведоа со фонд од 62 до 65 **задолжителни** наставни часови обука, додека останатиот фонд на наставни часови до квотата од сто наставни часови, што е задолжителна за новоизбраните судии во основните судови и новоизбраните обвинители во основните јавни обвинителства во првата година од нивниот мандат, тие ги

исполнуваат со учество на обуки за кои се пријавуваат согласно годишниот и кварталните календари на обуки, зависно од материјата на која работат и нивниот особен интерес.

**Специјализирана програма за Управниот суд**

За судиите и советниците на Управниот суд спроведени се специјализирани обуки на теми од областа на урбанизмот и градежништвото, јавните набавки, запишувањето на правата на недвижностите во катастарот на недвижности, правото на интелектуална сопственост, денационализацијата, правото на бегалците и за привремените мерки во постапката пред Управниот суд.

Покрај тоа, во соработка со ИРЗ, реализиран е семинар на тема „Ефективност на судската постапка пред Управниот суд согласно чл. 6 од ЕКЧП“ и тридневна конференција на тема „Управни судски постапки: тековни проблеми, компаративни искуства и решенија“.

Во рамките на организираните студиски посети во странство, двајца судии на Управниот суд учествуваа на семинар за „Конкурентско право“ во Будимпешта, Унгарија, и двајца судии беа учесници на обуката за македонски судии во Љубљана, организирана од Центарот за едукација во правосудството при Министерството за правда на Р. Словенија како составен дел од ИПА „Регионалната програма за правата од индустриска и интелектуална сопственост во западен Балкан и Турција“.

Во текот на 2011-2012 година, Академијата, како носител на компонентата 3 на Проектот ИПА за Управен суд во делот на спроведување на Стратегијата за обука на Управниот суд, ќе ги развие и ќе ги реализира општите и специјализираните програми за обука на судиите и стручниот судски кадар во Управниот суд, како и програмата за обука на судската администрација и курсот за обука на обучувачи.

На овој начин ќе се придонесе за повисок степен на квалитет на обуките согласно потребите на судиите и разрешување на дилемите и спорните прашања што произлегуваат од нивното секојдневно постапување по предметите од управната материја.

**Специјализирана програма за други целни групи**

Посебни обуки се спроведени и за претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства, тркалезни маси за судиите од сите четири апелациски судови со судии од Врховниот суд за усогласување на судската пракса на целата територија на Р. Македонија, и тоа како за судиите од кривичните оддели, така и за судиите на граѓанските оддели, за Советот на јавните обвинители (за критериумите за избор, евалуација на работата на јавните обвинители), како и за одделни области од значење за ефикасно и професионално извршување на судиската и јавнообвинителската функција.

Како резултат на успешно реализирање на тркалезни маси за судиите неколку години наназад, Академијата, исто така во првата половина од 2010 година, иницира и организира прва тркалезна маса и за уедначување на јавнообвинителската пракса на територијата на Република Македонија за јавните обвинители од сите инстанции, како и членовите на Советот на јавни обвинители на Република Македонија. До крајот на годината се одржаа уште две вакви средби. Исто така, Академијата беше организатор и на тркалезната маса на

Советот на јавните обвинители на која се разгледуваа годишните извештаи за работа заедно со јавните обвинители на Јавните обвинителства од сите инстанции, како и тркалезна маса за критериуми за избор, унапредување и евалуација на работата на јавните обвинители по досегашната примена на Законот за јавно обвинителство и Законот за Советот на јавните обвинители, што исто така беше наменета за членови на Советот на јавни обвинители на РМ и јавните обвинители на јавните обвинителства од сите инстанции од сите апелациски подрачја.

## НОВИНА ВО КОНТИНУИРАНАТА ОБУКА – ПОДГОТОВКИ ВО ПРАВЕЦ НА ИДНА УСПЕШНА ПРИМЕНА НА НОВИТЕ ЗАКОНИ

### ❖ ЗАКОН ЗА ПАРНИЧНА ПОСТАПКА

Во правец на запознавање на судиите од граѓанските оддели од сите региони со измените на Законот за парнична постапка, Академијата почна нова пракса на одржување форуми на кои членовите на работната група при Министерството за правда, што работеле на измените, ги презентираа одредбите, по што сублимираните предлози, сугестии и коментари на присутните судии и презентерите, како и заклучните согледувања донесени на крајот од секоја обука, Академијата ги изготви во форма на заклучоци и нив ги достави до МП на запознавање.

По донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за парнична постапка (Сл. весник на РМ, бр. 116 од 1.09.2010 година), Академијата, во соработка со Министерството за правда и со финансиска поддршка на УСАИД/ЈРИП, повторно спроведе обуки, овој пат со цел, навремена и соодветна подготовка на судиите од граѓанските одделенија на судовите во Републиката, за правилна имплементација на новиот концепт на парничната постапка воведен со донесениот закон. Новиот концепт на парничната постапка беше презентиран на четири обуки од страна на 11 излагачи од кои двајца судии на Врховниот суд на РМ, четири судии на апелациските судови и пет судии на основните судови во државата.

Во однос на измените на ЗПП, Академијата и во првата половина на 2011 година ќе продолжи со организирање на интензивни обуки, со интенција до осми септември 2011 година, од кога ќе почне примената на Законот, да бидат опфатени сите судии од граѓанските оддели на основните, апелациските и Врховниот суд на Република Македонија, а сè со цел за негова успешна имплементација.

### ❖ ЗАКОН ЗА КРИВИЧНА ПОСТАПКА

Имајќи го предвид фактот дека за успешна имплементација на новиот Закон за кривична постапка од исклучителна важност е навремена и сеопфатна едукација на сите релевантни субјекти, како и фактот дека согласно Акцискиот план за спроведување на новиот ЗКП, во кој се содржани активностите, роковите за реализација, надлежните институции и партнери во реализација на активностите, Академијата како надлежна институција, особено во делот за спроведување на обуките, уште во фазата на изработка на Законот почна со спроведување на активностите.

Имено, по изборот на 25 идни обучувачи кои се од редот на членовите на работните групи што работеа на изработка на текстот на законот, судии, јавни обвинители и

претставници од Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Управа за спречување перење пари и финансирање тероризам, Царинската управа и Адвокатската комора, како и професори од Правниот факултет во Скопје, Академијата и Министерството за правда во соработка и со финансиска поддршка на Проектот на Светската банка при Министерството за правда почна со спроведување на интензивна обука на идните обучувачи – технички и тематски.

Исто така, Академијата во соработка и со финансиска поддршка на Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје реализира проект – **Развивање тренинг-модули посветени на новините на КЗ и новиот ЗКП** на тема „**Проширена конфискација и Специјални истражни мерки**". За таа цел беа формирани работни групи по модули од редот на идните обучувачи и нив ги изготвија:

- Прирачници што ги презентираат новите концепти на кривичната постапка од практичен и компаративен аспект со посебен осврт на следните теми:
  - Претходна постапка – откривање и пријавување, доказни средства и посебни истражни мерки.
  - Истражна постапка.
  - Главна расправа со осврт на директно и вкрстено испрашување.
  - Забрзани постапки со посебен осврт на спогодување на јавниот обвинител со обвинетиот.
  - Улогата на адвокатите согласно новиот ЗКП.
- Изработка на прирачник за конфискација на имот, во кој темелно и практично ќе бидат елаборирани новите членови во Кривичниот законик што се однесуваат на конфискација на имот (конфискација од трето лице, проширена конфискација, незаконско стекнување со имот). Академијата ќе го користи овој прирачник како референција за развивање и реализација на почетна и континуирана обука на оваа тема.
- Изработка на материјали за обука на тема конфискација на имот.

Во насока на воведените големи структурни реформи во постапувањето на органите согласно новиот ЗКП, како и огромната целна група што мора да биде обучена со цел успешно да биде имплементиран Законот, покрај овие 25 обучувачи, листата на обучувачи се прошири со дополнителен број на обучувачи од сите целни групи што ја поминаа базичната обука.

Во периодот од почетокот на 2010 година, Академијата спроведе **осум обуки посветени на новиот Закон за кривичната постапка со вкупно одржани 106 наставни часа**, на кои активно учество земаа вкупно **258 учесници од кои 63 судии**, **74 јавни обвинители**, **6 стручни соработници од обвинителствата**, **3 претставници од Академијата**, **9 претставници од Министерството за правда**, **19 претставници од Министерството за внатрешни работи**, **19 универзитетски професори**, **32 адвокати**, **6 членови на Советот на јавни обвинители**, **10 претставници од Царинска управа**, **11 претставници од Финансиската полиција и 6 странски гости**, а од кои **три** обуки на обучувачи за новиот ЗКП. Исто така, во текот на извештајниот период беа реализирани две студиски посети за идните обучувачи за новиот ЗКП, од кои една во Република Хрватска и една во Република Италија, на кои учествуваа вкупно 15 идни едукатори за новиот ЗКП.

❖ **ОБУКИ ЗА НАЈЗНАЧАЈНИТЕ ИЗМЕНИ НА КЗ**

Од особено значење се спроведените **30 обуки**, од почетокот на 2010 година посветени на новините на КЗ што стапија на сила 22 март 2010 година, со кои беа одржани вкупно **305** наставни часа и на кои учествуваа вкупно **855** учесници, и тоа:

- Единаесет обуки посветени на проширена конфискација, противправно стекнување имот и одговорност на правни лица, во траење од вкупно 106 наставни часа, на кои учествуваа вкупно 337 учесници, од кои 99 судии, 1 раководен судски службеник, 26 стручни соработници од судовите, 151 јавен обвинител, 9 стручни соработници од обвинителствата, 51 други претставници на релевантни институции, на покана од Академијата; од кои една обука со Проектот на Светската банка при Министерството за правда, обука со две дводневни работилници и една еднодневна работилница на тема „Незаконско збогатување и проширена конфискација", организирани во соработка со ЗЈОРМ и Проектот на Владата на РМ за антикорупција и во соработка и со финансиска поддршка на Британската амбасада;

- Пет обуки за Борба против компјутерски криминал, во траење од вкупно 41 наставен час, на кои учествуваа вкупно 134 учесници од кои 62 судии, 10 стручни соработници од судовите, 3 административни службеници од судовите, 52 јавни обвинители, 1 стручен соработник од обвинителствата и 6 други претставници на релевантни институции, на покана од Академијата; од кои еден со Проектот на Светската банка при Министерството за правда;

- Девет обуки за Тортура и трговија со луѓе, во траење од вкупно 130 наставни часа, на кои учествуваа вкупно 220 учесници од кои 14 судии, 29 обвинители и 177 други претставници на релевантни институции, на покана од Академијата; од кои една со Проектот на Светската банка при Министерството за правда, а останатите осум со ИОМ – Меѓународната организација за миграции;

- Една обука на тема Активен и пасивен поткуп на домашни и странски арбитри преку концептот на службено лице од член 122 од КЗ усогласен со Казнената конвенција за корупција со Дополнителниот протокол и Граѓанската конвенција за корупција на Советот на Европа, во траење од шест наставни часа на која учествуваа вкупно 20 учесници од кои 15 судии, 2 стручни соработници од судовите, 2 јавни обвинители и 1 претставник од Министерството за правда;

- Две обуки за Концепт на новата одредба од чл. 215 ст. 2 од КЗ, наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори од помало количество, во соработка со Здружението на јавни обвинители во Република Македонија и со финансиска поддршка ОПДАТ во траење од вкупно 13 наставни часа, на кои учествуваа вкупно 70 учесници од кои 13 судии, 40 јавни обвинители, 6 стручен соработник од обвинителствата и 11 други претставници на релевантни институции, на покана од Академијата;

- Една обука за Злосторничко здружување/Поим, карактеристики и примена на посебни истражни мерки, во соработка со Здружението на јавни обвинители во Република Македонија и со финансиска поддршка на ОПДАТ и ОБСЕ, во траење од пет наставни часа на која учествуваа 40 учесници од кои 4 судии, 31 јавен обвинител, 3 членови на судски совет и 1 странски гостин на покана од Академијата;

- Една тркалезна маса за усогласување на Годишниот извештај со измените на КЗ, ЗКП и Законот за малолетничка правда наменета за членови на Советот на јавни обвинители

на РМ, Јавниот обвинител на РМ и основните јавни обвинителства од сите апелациски подрачја, во траење од четири наставни часа на која учествуваа 34 учесници од кои 32 јавни обвинители и 2 стручни соработници од обвинителствата.

На овие обуки, покрај судии и јавни обвинители, учествуваа и други претставници од релевантните институции што во секојдневното работење и постапување го применуваат Кривичниот законик.

## ❖ БОРБА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА

Од особена важност како за целокупниот правосуден систем, така и за Република Македонија воопшто се и одржаните обуки од областа на организираниот криминал и корупцијата. Имено, во текот на 2010 година беа одржани вкупно **20** обуки од оваа област, со вкупно одржани **212** наставни часа, на кои учествуваа вкупно **518** учесници, и тоа:

- Осум обуки посветени на Борбата против организираниот криминал и корупција во траење од вкупно 65 наставни часа на кои учествуваа 202 учесници, од кои 77 судии, 23 стручни соработници од судовите, 86 јавни обвинители, 5 стручни соработници од обвинителствата, 11 други претставници на релевантни институции, на покана од Академијата;
- Девет обуки посветени на Борбата против трговија со луѓе, во траење од вкупно 130 наставни часа, на кои учествуваа вкупно 220 учесници, од кои 14 судии, 29 обвинители и 177 други претставници на релевантни институции, на покана од Академијата;
- Три обуки посветени на Борбата против трговијата со дрога, во траење од 17 наставни часа, на кои учествуваа вкупно 96 учесници, од кои 39 судии, 22 стручни соработници од судовите, 28 јавни обвинители, 7 стручни соработници од обвинителствата.

## ❖ ОБУКИ ЗА ПРЕКРШОЧНИТЕ КОМИСИИ ПРИ УПРАВНИТЕ ОРГАНИ

Особено внимание беше посветено и на обуките за прекршочна постапка пред прекршочните органи што беше наменета за претседателите и членовите на комисиите за одлучување по прекршоци во сите прекршочни органи, како и судии за прекршоци и судии на Управен суд што работат на прекршочна материја. Овие обуки беа спроведени во соработка со Министерството за правда и Проектот на Светската банка при Министерството за правда.

Почнувајќи од крајот на октомври 2008 година до крајот на извештајниот период – крајот на 2009 година, беа реализирани 25 обуки на кои присуствуваа 591 учесник. Во рамки на овие 25 обуки беа реализирани една национална и една регионална конференција.

Со Заклучок на Владата на РМ утврдена е потреба за продолжување со обуките за членовите на прекршочните комисии. За таа цел одобрено е продолжување на Проектот до 30 јуни 2010 година и за таа цел во текот на 2010 година реализирани се уште шест дополнителни работилници, што ги посетија 121 член на прекршочните комисии на Царинска управа на РМ, на Министерството за транспорт и врски на РМ, на Министерството за образование на РМ, на Министерството за земјоделство на РМ и прекршочните комисии на Дирекцијата за заштита и спасување и Агенција за пошти на РМ.

Исто така, во декември, за судиите и советниците кои постапуваат по прекршочните предмети беше одржана и обука посветена на практична примена на Законот за прекршоци. На обуката се согледа потреба од одржување на уште една обука поради усогласување со примената на Законот во сите апелациски подрачја и за таа цел Академијата во средината на јануари 2011 година предвиде уште една обука.

## ❖ ОБУКИ ПОСВЕТЕНИ НА ОДДЕЛНИ ЧЛЕНОВИ НА ЕВРОПСКАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Во текот на 2010 година, Академијата организира четири советувања посветени на одделни членови на Европската конвенција за човекови права:

- Примена на членот 6 од Европската конвенција за човекови права од аспект на граѓанското право, советување со вкупно 30 учесници, од кои 26 судии и 4 претставници од други институции.
- Примена на член 5 од Европската конвенција за човекови права, советување со вкупно 28 учесници, од кои 10 судии, 14 обвинители, по еден претставник од советниците од судството и обвинителството и 2 претставници од други институции.
- Брзина и квалитет на судските одлуки – ефективност на судската постапка пред Управниот суд согласно член 6 од ЕКЧП, советување организирано за судиите и советниците на Управниот суд, на кое учество зеле вкупно 25 учесници, односно 13 судии и 12 советници.
- Брзина и квалитет на судските одлуки – ефективност на судската постапка пред Управниот суд согласно член 6 од ЕКЧП, советување организирано за трите генерации слушатели на почетната обука на Академијата, на кое учество земаа вкупно 21 учесник.

## ❖ ОБУКИ ПОСВЕТЕНИ НА ПРАВОТО НА ЕУ

Во рамки на извештајниот период Академијата спроведе вкупно 178 наставни часа посветени на правото на ЕУ во рамки на вкупно 16 организирани обуки што ги посетија вкупно 641 учесник од кои 405 судии, 67 стручни соработници од судовите, 59 јавни обвинители, 18 раководни службеници од обвинителствата, 1 стручен соработник од јавно обвинителство и 91 друг претставник на релевантни институции, на покана од Академијата. Обуките ги обработуваа следните теми:

- Националното законодавство за заштита на потрошувачите и договорното потрошувачко право.
- Директивите на ЕУ за потрошувачки договори и нивното транспонирање во македонското законодавство.
- Меѓународен симпозиум за спроведување на заштитата на правата од интелектуална сопственост.
- Трговското право на Европската унија и неговото имплементирање во македонското законодавство.
- Основни поими на правото на заштита на конкуренцијата во Европската унија и Република Македонија.
- Работилница за внатрешен пазар – патентно право на Унијата.
- Постапка пред Европскиот суд на правдата – право на Европската унија.

- Закон за меѓународно приватно право.
- Интелектуална сопственост (право на ЕУ).
- Конфискација на имот стекнат по основа на кривично дело (право на ЕУ).
- Заштита на жртвите во кривичната постапка.
- Заштита на животната средина.
- Судска соработка во граѓански и кривични предмети (право на ЕУ).
- Две обуки на обучувачи за правото на ЕУ.
- Европските стандарди за заштита на потрошувачите и влијанието врз националното право.

❖ **ОБУКИ ЗА ПРАВОТО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ**

Согласно со обврските преземени со НПАА 2010, во рамките на Програмата за континуирана обука на судиите и јавните обвинители, Академијата реализираше 18 обуки посветени на различни аспекти на заштитата на правата од интелектуална сопственост, (управно-судска, прекршочно-правна, кривично-правна и граѓанско-правна заштита) и промоција на европските и меѓународните стандарди за заштита на овие права, со вкупно 150 наставни часови обука и учество на 473 учесници од кои **405 учесници од правосудството**: 261 судија, 70 јавни обвинители, 3 советници, 65 судски соработници, 5 стручни соработници од обвинителствата, 1 соработник од АСЈО и **68 учесници од други институции** (17 претставници на Државниот пазарен инспекторат, 33 претставници на Царинската управа на Република Македонија, 1 претставник на Секретаријатот за европски прашања, 2 претставници на Државниот завод за индустриска сопственост и 15 други учесници).

Наведените обуки се спроведоа со цел, преку понатамошно јакнење на свеста за значењето на правата од интелектуална сопственост и доследна примена на регулативата од оваа област, да се обезбеди ефикасно гонење на прекршителите на правата од интелектуална сопственост и ефикасна судска заштита на правата.

Покрај тоа, се спроведе и првото или основно ниво на „Обука на обучувачи за правата од интелектуална сопственост", што опфати 15 учесници: 11 судии, 3 јавни обвинители и 1 претставник на Државниот завод за индустриска сопственост.

❖ **ДРУГИ РЕАЛИЗИРАНИ ОБУКИ ПОСВЕТЕНИ НА ТЕМИ ОД ХАРМОНИЗИРАНОТО ЗАКОНОДАВСТВО СО ЕУ И МЕЃУНАРОДНОТО ПРАВНО ЗАКОНОДАВСТВО ОД ПРИОРИТЕТНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРАВОСУДНИТЕ РЕФОРМИ**

- Пет обуки посветени на недискриминацијата на кои учествуваа вкупно 186 учесници (75 судии, 1 раководен службеник од судовите, 47 стручни соработници од судовите, 42 обвинители, 4 стручни соработници од обвинителствата и 17 други учесници поканети од страна на Академијата, кои работат на области поврзани со содржината на обуката);
- Една специјализирана обука за јавните набавки во врска со прибирањето понуди наменети за јавните обвинители, на која активно учество зеле вкупно 25 јавни обвинители;
- Четири обуки посветени на практичната примена на Законот за малолетничка правда на кои учествуваа вкупно 91 учесник (28 судии, 18 стручни соработници од

судовите, 29 обвинители, 8 стручни соработници од обвинителствата и 8 други учесници поканети од страна на Академијата, а кои работат на области поврзани со содржината на обуката);

- Две обуки посветени на подигнувањето на правната култура – отворено судство, пристап на граѓаните до правдата, бесплатна правна помош и улогата на судските службеници во градење на имиџот во јавноста, на кои учествуваа вкупно 45 учесници (2 судии, 5 раководни службеници од судовите, 24 стручни соработници од судовите, 5 административни службеници од судовите, 7 стручни соработници од обвинителствата и 2 административни службеници од обвинителствата);
- Две обуки посветени на заштитата на личните податоци, од кои едната специјализирана за судиите и советниците на Управниот суд. На двете обуки вкупно учествуваа 39 учесници (16 судии, 2 раководни службеници од судовите, 7 стручни соработници од судовите, 6 обвинители и 8 други учесници поканети од страна на Академијата, кои работат на области поврзани со содржината на обуката);
- Четири обуки посветени на кривичниот и граѓанскиот аспект на семејното насилство на кои учествуваа 113 учесници (76 судии, 3 стручни соработници од судовите, 30 обвинители, 1 раководен службеник од обвинителствата и 3 други учесници поканети од страна на Академијата, кои работат на области поврзани со содржината на обуката);
- Една обука од областа на азил и миграција за судиите и советниците на Управниот суд и прекршочните судии на која учествуваа вкупно 60 учесници (6 судии, 13 советници од судовите, 2 обвинители и 42 други учесници поканети од страна на Академијата, кои работат на области поврзани со содржината на обуката);
- Една обука посветена на кривичните дела поврзани со сексуално злоупотребување и насилство врз деца на која учествуваа 29 учесници (19 судии, 7 стручни соработници од судовите и 3 обвинители); итн.

## ❖ <u>РЕАЛИЗИРАНИ ОБУКИ ПОСВЕТЕНИ НА ДРУГИ РЕДОВНИ ТЕМИ</u>

Покрај погоренаведените обуки, согласно деталните календари за обуки, во текот на 2010 година беа спроведени и други обуки посветени на најразлични теми корисни при секојдневната примена на законите, и тоа: унификација на судско-медицинската пракса во правниот систем на Република Македонија во врска со препораките на Советот на Европа; нотарски исправи од кривично-правен аспект; оценка на вербалните и материјалните докази и видови вештачења кај кривичните дела против јавниот сообраќај; финансиски извештаи како доказ во кривичната постапка; притвор; злоупотреба на службената должност; докажување на кривични дела сторени при вршење на семејно насилство; примена на новиот Закон за вонпроцесна постапка; обуки посветени на Измените на ЗПП; примена на новиот Закон за облигациски односи; службеност и негово вознемирување; уставна и законска рамка на сопственоста во Република Македонија; раководење со главна расправа; материјална и нематеријална штета; правен режим на градежно земјиште; приватизација на градежно земјиште; примена на Законот за работни односи и колективни договори; примена на Законот за хартии од вредност; влог, основна главнина, удел во друштвото и акции; корпоративно управување со трговски друштва; примена на Законот за стечај и Законот за извршување; теми во врска со поединечни политики на Европската унија; критериуми за избор, унапредување и евалуација на работата на јавните обвинители; јакнење на капацитетите на членовите на Судскиот буџетски совет; заштита на правата од интелектуална сопственост; заштита на авторски права и сродните права; медијација; судир на интереси; обука за обучувачи за лицата задолжени за односи со јавност во судовите; планирање буџет; обука за администрација; примена на новиот Судски деловник; специјализирана обука за

претседателите на судовите во врска со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола итн.

## НОВ МЕТОД НА ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ЕВРОПСКИТЕ ТЕМИ

Академијата при спроведување на обуките со странските проекти, особено обуките посветени на правото на ЕУ и меѓународното право, почна пракса првичната презентација да биде национален презентер кој го изложува степенот на хармонизација на домашното законодавство, а со тоа и на ЕУ и на меѓународното право во однос на конкретната тема. Овој начин е широкоприфатен од странските излагачи кои на тој начин многу полесно ја предаваат темата, знаејќи го претходното ниво на знаење на учесниците и состојбата на законодавството и референтната пракса за таа област.

## УСВОЕНА ОПШТА ПРОГРАМА ЗА КОНТИНУИРАНА ОБУКА ЗА ПЕРИОДОТ 2011-2012 ГОДИНА

Академијата, по спроведеното претходно испитување, анкетирање и анализа на мислењата и потребите на судиите, јавните обвинители и другите корисници на услугите на Академијата, ја подготви и ја донесе Општата програма за континуирана обука на судиите и јавните обвинители за периодот 2011-2012 година.

Како основа за креирање на содржината и наставната методологија се земаа предвид и годишните извештаи за работа на сите судови и јавни обвинителства од сите инстанции, при што се зема предвид и приливот на предметите, областите каде што има најголем заостаток, областите каде што има најголеми и најчести повреди на процесните и материјалните закони. Од годишните извештаи на повисоките судови посебно беа земени предвид и областите каде што најчесто се укинуваат и се преиначуваат пресудите со цел да се фокусира обуката на тие чувствителни подрачја. Од Судскиот совет на РМ и Советот на јавни обвинители на РМ побарано е, врз основа на нивните увиди во годишните извештаи на судовите, односно обвинителствата, да ги лоцираат областите во кои има најголема потреба од обука, (областите каде што има најмногу поплаки, претставки и кршење на етичкиот кодекс и деонтологија и најчестите основи за дисциплинската одговорност на судиите и ЈО), па врз основа на тоа да достават свои предлози.

При изготвување на Општата програма за едукација со дописи се консултираа и правните факултети, здруженијата на судиите и јавните обвинители, Здружението за кривично право и криминологија, Здружението на судска администрација, професионалните комори (адвокатска, нотарска, комора на извршители и медијатори). Исто така, беа испратени и дописи до институции со кои соработува Академијата – сите сектори на Министерството за правда, СЕП при Владата на РМ, Министерството за економија, Министерството за финансии, МВР, МНР, МТСП, Министерството за животна средина, Агенцијата за катастар, Управата за јавни приходи, ДЗИС, ДКСК, Државниот завод за ревизија, Државното правобранителство, Омбудсманот, Институтот за судска медицина, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Комисијата за хартии од вредност, Агенцијата за управување со конфискуван имот, Македонската берза, Финансиската полиција, Управата за спречување перење пари, Бирото за јавни набавки, Државната комисија за јавни набавки, Дирекцијата за заштита на лични податоци, Сојузот на стопанските комори, како и меѓународните организации и проекти со кои соработува Академијата (ГТЗ, Информативната канцеларија на Советот на Европа, Коалицијата „Сите за правично судење“, ОБСЕ, ОПДАТ, Светската банка, УНИЦЕФ, УНХЦР, УСАИД/ЈРИП и др.).

Се земаа предвид и обврските што произлегуваат од НПАА (Национална програма за усвојување на законодавството на Европската унија), целите и приоритетите на Република Македонија за членство во Европската унија, потребата од хармонизација на домашното со меѓународното законодавство, како и потребата судиите и обвинителите од РМ да ги применуваат меѓународните стандарди во секојдневното постапување.

Пракса е и редовното следење на веб-страницата на Министерството за правда во поглед на законите што се во фаза на подготовка и донесување, особено законите со европски предзнак и за нив се предвидува организирање на тркалезни маси уште додека се во постапка на донесување со цел судиите и јавните обвинители да бидат во тек со промените во материјалното и процесното законодавство поради унифицираност во нивното применување.

**<u>ИЗГОТВЕН И ОБЈАВЕН ДЕТАЛЕН КАТАЛОГ НА АКТИВНОСТИ ВО РАМКИТЕ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНАТА КОНТИНУИРАНА ОБУКА ЗА СУДИИТЕ, ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ, ПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ НА СУДОВИТЕ И ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ-МАРТ 2011 ГОДИНА</u>**

Академијата, кон крајот на 2010 година, согласно Општата програма за континуирана обука 2011/2012 година, изготви Каталог на активности во рамките на задолжителната континуирана обука за судиите, јавните обвинители, претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства за периодот јануари-март 2011 година и од него достави доволен број примероци до сите судови и јавни обвинителства во Република Македонија со цел Каталогот да биде доставен до сите судии и јавни обвинители.

Согласно Каталогот, предвидено е продолжување со организирање *обуки посветени на правото на ЕУ* (Заштита на правото на потрошувачите; Заштита на човековата околина; Трудовото право на ЕУ; Постапка пред Европскиот суд на правдата) *и од областа на меѓународното право* и тоа општи теми (Општи принципи и извори на меѓународното право/Хармонизација на правните акти/Ратификување и потпишување на меѓународните договори/современи тенденции; Меѓународна правна рамка за антидискриминација) и специјализирана обука за јавните обвинители и судиите кои постапуваат во кривични предмети (Меѓународна соработка во кривична материја/Видови меѓународна правна помош; Економски и финансиски криминал/перење пари; Улогата на судиите во извршувањето на санкциите; Конвенција на Советот на Европа за заштита на децата од сексуална експлоатација и злоупотреба).

Исто така, предвидени се специјализирани обуки за судиите и јавните обвинители за прашања и теми од областа на нивната специјалност и тоа: *за судиите кои постапуваат во прекршочни предмети* во однос на Примената на Законот за прекршоци; *за судиите кои постапуваат во предмети од областа на граѓанската материја* во однос на Измените на Законот за парнична постапка, Примена на Законот за измени и дополнувања на Законот за извршување, Надомест на материјална и нематеријална штета, Постапување по тужби во врска со стечајна постапка/Привремени мерки против стечајниот должник, Постапка по жалба на одлуки на стечаен судија, Спорови од работните односи; Осигурување имот и лица, Примена на Законот за облигациски односи; *за јавните обвинители и судии кои постапуваат во кривични предмети* во однос на Измените на КЗ, Кривичните дела против културното наследство и природните реткости, Системот на кривичните санкции и казнената политика, Увид и вештачење во сообраќајни незгоди, Кривичниот аспект на

семејното насилство, Кривична одговорност на стечајниот должник, Законот за малолетничка правда/Медијација, Законот за спречување судир на интереси; *за судиите и советниците на Управниот суд* во однос на Постапката пред Управниот суд.

*За судиите со стаж до 3 години* предвидени се обуки за техники на пишување пресуди (во кривични, односно граѓански предмети) додека *за јавните обвинители со стаж до 3 години* предвидена е обука за техники на пишување на јавнообвинителски одлуки.

Со Каталогот на активности јануари-март 2011 година предвидени се *посебни обуки за претседателите на судовите* и тоа во однос на системот АКМИС, *заедно со членовите на Судскиот совет на РМ* за Имплементација на Законот за измени и дополнувања на Законот за судовите и Законот за измени и дополнувања на Законот за судски совет, а *заедно со јавните обвинители на јавните обвинителства* во однос на Примената на Законот за јавни набавки.

Покрај специјализирани обуки, во Каталогот се предвидени и обуки на општи теми како Методологија на управување со предметите/АКМИС; Почитување на начелата на етичкиот кодекс како основа за спречување на злоупотреба на функцијата судија и јавен обвинител; Транспарентност и заштита на податоците.

**УСВОЕНА ТРИГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ОБУКА НА СУДСКАТА И ЈАВНООБВИНИТЕЛСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА**

Академијата, покрај спроведувањето на постојано стручно усовршување за судиите и јавните обвинители, исто така спроведува и стручно усовршување и за судските и обвинителските советници, судските стручни службеници, обвинителските стручни соработници, како и за судските и обвинителските административни службеници. По примерот на обуката за кандидатите од почетната обука Академијата почна со спроведување на посебни обуки за советниците од судовите во вид на симулации на судења и пишување на процесни акти. Во оваа целна група се опфатени и државни стручни службеници од Министерството за правда што вршат работи од областа на правосудството. Академијата почна проект за обука на судските службеници. Имено, усвоена е сеопфатна програма за обуки што ќе се спроведуваат во текот на три години. Исто така, адекватна програма се изготви и за обвинителските службеници што ќе ги вклучува истите теми што се предвидуваат со програмата за обука на судски службеници, при што обуката на двете групи службеници ќе се реализира паралелно.

На овој начин, Академијата континуирано ја остварува препораката на оценската мисија, покрај судиите и обвинителите, во обуките да се вклучи и останатиот кадар што е потребен за функционирање на судовите и обвинителствата, активност што е предвидена и во НПАА 2010.

**ИЗГОТВЕН И ОБЈАВЕН ДЕТАЛЕН ПЛАН ЗА ОБУКА НА СУДСКИТЕ И ОБВИНИТЕЛСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ-ЈУНИ 2011 ГОДИНА**

Академијата кон крајот на 2010 година, исто така, согласно Усвоената тригодишна програма за обука на судската администрација, изготви План за обука на судските и

обвинителските службеници за периодот јануари-јуни 2011 година и го достави до сите судови и јавни обвинителства во Република Македонија.

Согласно овој план на обуки, предвидени се обуки за Комуникациски вештини и услуги на странките, Управни спорови и правила на управната постапка, Јавна внатрешна финансиска контрола, Судски деловник и АКМИС како Улогата на судовите и позицијата на судската администрација.

## VIII СОРАБОТКА СО ДОМАШНИ ОРГАНИ, ОРГАНИЗАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ

И во 2010 година Академијата ја продолжи успешната соработка со домашни органи, организации и други институции и здруженија. Во таа насока, а поради реализација на приоритетите предвидени со НПАА Програмата на Владата на Република Македонија, продолжи соработката со Врховниот суд на РМ; ЈО на РМ, како и Судскиот совет на РМ, Советот на јавните обвинители на РМ; Министерството за правда, Секретаријатот за европски прашања, Министерството за внатрешни работи, како и со другите министерства, државни органи и институции. На планот на организација на заеднички обуки, Академијата ја продолжи успешната соработка и со Здружението на судиите на Република Македонија, Здружението на јавните обвинители, Здружението за кривично право и криминологија, Адвокатската комора, правните факултети, Полициската академија, Институтот за судска медицина и криминалистика, Заводот за индустриска сопственост, Државната комисија за спречување корупција, Дирекцијата за заштита на лични податоци, со Коморите на нотарите, извршителите и медијаторите во поглед на организирање на заеднички обуки поради унапредување на знаењата, размена на искуства и зацврстување на соработката меѓу овие целни групи и судиите и јавните обвинители.

Од особена важност за Академијата, во рамки на соработката со домашните органи, организации и институции е и доделената Пофалница за успешна соработка во доменот на стекнување на нови знаења и искуства на царинските службеници, што ѝ беше доделена од Царинската управа на Република Македонија, на 14 април 2010 година по повод одбележувањето 18 години самостојност, суверенитет и контрола врз царинското подрачје на Република Македонија.

Продолжи соработката на планот на обуките со НВО и тоа Коалицијата „Сите за правично судење“, Македонското здружение на млади правници.

Со ваквиот мултидисциплинарен пристап се обезбедува поголема поддршка и вклученост на сите органи, организации и институции и цивилното општество со допирни точки со правосудството во успешна реализација на правосудните реформи.

## IX МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во доменот на меѓународната соработка, Академијата интензивно е вклучена во организација на тренинг-активности со повеќе проекти, се интензивира соработката со

школите за правосудна обука од други држави во разни сегменти, а со некои од нив соработката е официјализирана со потпишување меморандум за соработка.

Продолжи и праксата на вклучување судии, јавни обвинители, кандидати за судии и јавни обвинители, како и претставници на органите и стручната служба на Академијата, Судскиот совет и Советот на јавни обвинители на Република Македонија на студиски посети, меѓународни обуки, размени, состаноци, работилници и конференции во странство.

Во текот на 2010 година, Академијата реализира вкупно 42 студиски посети во странство со учество на вкупно 114 учесници, од кои 55 судии, 32 јавни обвинители, 11 претставници на други институции номинирани од страна на Академијата, 10 претставници на Академијата и 6 кандидати од почетна обука од третата генерација, што структура изразена во проценти би изгледала вака:




## **СТУДИСКИ ПОСЕТИ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА ПРОМОВИРАЊЕ НА ПРАВОСУДСТВОТО НА РМ И ВОСПОСТАВУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА СО ОДДЕЛНИ АКАДЕМИИ И МЕЃУНАРОДНИ СУДОВИ И ИНСТИТУЦИИ**

### ❖ СТУДИСКИ ПОСЕТИ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО СТРАЗБУР

Од почетокот на 2010 година и заклучно со 31 декември 2010 година Академијата организира една посета на Европскиот суд за човекови права во Стразбур за делегација на членови на Судскиот совет на РМ, претседателите на четирите апелациски судови во Република Македонија и претседателите на двата најголеми основни суда во РМ, Основниот суд Скопје I и Основниот суд Скопје II.

Во рамки на посетата, делегацијата оствари средби со судии на Европскиот суд за човекови права и со правници од Регистарот и од центарот HUDOC на Европскиот суд за човекови права, претставници на ЕКРИ, Венецијанската комисија.

## ❖ СТУДИСКА ПОСЕТА НА ЕВРОПСКИОТ СУД НА ПРАВДАТА ВО ЛУКСЕМБУРГ

Исто така, во овој извештаен период, Европскиот суд на Правдата во Луксембург го посети и делегација од правосудството на чело со претседателот на Судскиот совет и директорот на Академијата, како и судии и генералниот секретар на Врховниот суд на Република Македонија. Македонската делегација, составена од високи претставници на правосудството, беше придружувана и од новинар на МРТВ, а со тоа студиската посета беше и медиумски покриена и пошироката јавност преку директните известувања од Луксембург беше информирана за текот на дводневна посета, што беше организирана со цел за запознавање со Европскиот суд на правдата, неговата организација и начинот на спроведување на правдата, како и размена на компаративни искуства, преку следење на судски претрес, како и остварените работни средби со претседателот на судот, судиите и генералниот адвокат на Судот, како и другите вработени во Судот.

Од особено значење како за македонското правосудство, така и за Македонија воопшто е остварената средба со претседателот на Судот, судијата Василис Скоурис.

## ❖ СОРАБОТКА СО ПРАВОСУДНАТА АКАДЕМИЈА НА РЕПУБЛИКА СЛОВАЧКА

Во рамките на официјалната делегација на правосудството на РМ, предводена од министерот за правда на РМ, г. Михајло Маневски, во која беа и претседателот на Врховниот суд на РМ, директорот на Академијата, судија Анета Арнаудовска, и на која во рамките на воспоставената соработка помеѓу двете правосудства, беше остварена средба со директорот на Правосудната академија на Словачка, г. Петар Хула, со кој беше потпишан Меморандум за соработка помеѓу двете академии, што е од особено значење со оглед на членството на Р. Словачка во ЕУ и богатото искуство во обуките за ЕУ-правото. Содржината на соработката главно ќе се состои во постојана и отворена соработка, комуникација во врска со размена на документи, програми, подзаконски акти, библиотека, особено размена на кандидатите од почетна обука и покана на предавачи од правото на ЕУ и особено поддршка на Академијата за формирање на своја база на едукатори по право на ЕУ. Од страна на господинот Хула на нашата Академија ѝ беа подарени вредни книги, збирка на документи од правото на ЕУ, како одлуки на ЕСП.

## ❖ СОРАБОТКАТА СО КОСОВСКИОТ ПРАВОСУДЕН ИНСТИТУТ

Продолжува плодната и интензивната соработка со овој институт преку размена на документи, знаења, искуства, посети и размена на материјали и книги.

## ❖ СОРАБОТКАТА СО ПРАВОСУДНАТА АКАДЕМИЈА НА РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

Во рамките на студиската посета на Република Хрватска во врска со обуките за новиот ЗКП, во мај 2010 година, делегацијата од РМ составена од судии и јавни обвинители, претставници на МП и други членови на работните групи што го подготвуваа новиот ЗКП, а предводена од директорот на Академијата, судија Арнаудовска, остварија средба со државниот секретар на МП на Р. Хрватска, како и со директорот на Правосудната академија на Хрватска, г-ѓата Ивана Гораниќ. Со државниот секретар беа разгледувани можностите за соработка и размена на искуства во врска со новиот ЗКП што во примена во Хрватска е од јули 2009 година и беа изнесени согледувањата од првичната примена на ЗКП. На средбата

со г-ѓа Гораниќ беа детализирани главните содржини на меморандумот што наскоро треба да биде потпишан помеѓу двете академии што само ќе ја формализира и онака богатата и плодна соработка и редовната комуникација помеѓу двете академии во поглед на размена на литература, размена на кандидати на почетна обука, на судии и јавни обвинители што и досега се одвива преку програмата за размена, ЕЈТН. Особено е значајна размената и поканата на предавачи од Хрватска во врска со обуките за новиот ЗКП, особено поради фактот дека и Хрватска неодамна почна со примената со новиот ЗКП, што во поглед на многу решенија е сличен со домашниот ЗКП.

- **СОРАБОТКАТА СО НАЦИОНАЛНАТА ШКОЛА НА МАГИСТРАТИ НА РЕПУБЛИКА ФРАНЦИЈА (ЕНМ)**

Во 2010 година се продлабочи и се унапреди соработката со оваа школа, особено во доменот на почетната обука. Имено, потпишана е Конвенција за соработка помеѓу Академијата за судии и јавни обвинители на Република Македонија и Националната школа на магистрати на Република Франција (ЕНМ), со која се обезбедува континуирана соработка преку размена на документи, кандидати, предавачи, ментори, со цел да се користат компаративните искуства и праксата на оваа престижна школа со меѓународно признати резултати. Во таа смисла, со поддршка на ЕЈТН, беа остварени студиски посети во вид на размена на едукатори и кандидати од почетна обука помеѓу овие две институции, при што во ноември 2010 година, Академијата беше домаќин на делегација составена од еден едукатор и тројца кандидати од Националната школа за магистрати од Бордо, Република Франција, кои имаа можност сеопфатно да се запознаат како со организацијата на правосудниот систем во Република Македонија, така и со начинот на прием на кандидатите, организацијата и спроведувањето на почетната обука. Од друга страна, пак, во декември 2010 година, делегација од Република Македонија составена од еден едукатор и тројца кандидати од третата генерација на почетна обука, оствари студиска посета на Националната школа за магистрати во Бордо, Република Франција, каде што учествуваа на т.н. Европска недела на која покрај домаќинот, Република Франција, учествуваа делегации уште од 11 држави-членки и кандидати за членки во Европската унија, што ги презентираа своите школи за обука и учествуваа во симулација на судење. Значајно е што оваа година, Академијата имаше статус на учесник во овој настан, за разлика од минатата година кога беше вклучена како набљудувач. Во рамките на оваа соработка, и за 2011 година предвидено е да продолжат ваквите размени на кандидати, предавачи и ментори.

- **СОРАБОТКА СО НАЦИОНАЛНИОТ ИНСТИТУТ НА МАГИСТРАТУРА НА РОМАНИЈА (НИМ)**

Успешната соработка што Академијата за судии и јавни обвинители ја воспостави од почетокот на своето работење со Националниот институт на магистратура на Романија (НИМ) продолжи и во 2010 година, а особено во поглед на размена на материјали од одржани конференции, обуки, внатрешна регулатива и воопшто размена на искуства од сите аспекти од заеднички интерес за двете институции.

❖ **ЕВРОПСКИТЕ МРЕЖИ ЗА ОБУКА**

***1. АКТИВНОСТИТЕ НА АКАДЕМИЈАТА ВО РАМКИТЕ НА ЕЈТН***

Во 2010 година, Академијата го продолжи своето активно учество во Програмата на ЕЈТН за размена на судии, јавни обвинители и едукатори. Имено, вкупно девет претставници од правосудството на Република Македонија учествуваа на размена во тренинг-институциите на други држави-членки и кандидати за членство во Европската унија и тоа 3 судии (во Естонија, Италија и Словенија), 3 јавни обвинители (во Италија, Полска и Холандија) и 3 едукатори (во Португалија, Словенија и Хрватска). Во рамките на оваа програма, Академијата беше домаќин на вкупно 11 судии и јавни обвинители од други држави, и тоа: 1 судија од Романија, 2 судии од Полска, 2 судии од Австрија, 1 судија од Словенија, 1 судија од Норвешка, 1 судија од Холандија, 1 судија од Италија, 1 обвинител од Финска и 1 обвинител од Полска.

Особено значајно е што на Академијата ѝ беше дадено право во 2011 година, во рамките на Програмата за размена, да учествува и со размена на судии на врховните судови.

Како дел од активностите објавени на Каталогот на обуки на ЕЈТН за 2010 година, еден судија од Република Македонија зеде учество на обука посветена на правен англиски јазик што се одржа во Рим, а во организација на Вишиот совет на правосудството на Република Италија.

ЕЈТН, во соработка со Центарот за правосудни студии на Португалија и Националниот институт на магистратурата повторно во 2010 година, беа организатори на THEMIS 2010 натпреварот во почетна обука. Академијата преку свој тим од тројца кандидати од третата генерација на почетна обука и еден едукатор учествуваа на натпреварот со презентација на тема од областа на меѓународната соработка во кривична материја.

Претставник на Академијата, експерт по информатички технологии, е член на работната група на ЕЈТН за информатички технологии што активно учествува во работата на ова тело, давајќи свој придонес со предлагање и подготовка на модерни иновативни решенија за унапредување и развивање на информацискиот систем на тренинг-институциите на европско ниво.

***2. АКТИВНОСТИТЕ НА АКАДЕМИЈАТА ВО РАМКИТЕ НА ЛИСАБОНСКАТА МРЕЖА НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА***

Академијата ги продолжи своите активности во рамките на оваа мрежа, пред сè, со учество во Програмата HELP 2. Имено, претставник на Академијата е номиниран за член на работната група за електронско учење како дел од Програмата HELP II и кој во ноември 2010 година зема учество на состанокот на оваа работна група што се одржа во Стразбур, Р. Франција. На овој состанок, Академијата го потврди почетокот на процесот за развој на систем за електронско учење, односно дека е во фазата на набавка на хардвер и софтвер за проектот за развој на системот е-учење (E-learning).

❖ **СОРАБОТКА СО СВЕТСКОТО ЗДРУЖЕНИЕ НА ИНСТИТУЦИИ ЗА ОБУКА**

Од почетокот на основањето, Академијата воспостави и континуирано ја унапредува соработката со ова Здружение, особено во насока на размена на искуства со цел

унапредување на работата со користење на најдобрите практики за обука. Исто така, Академијата испраќа и натписи за своите активности и остварени резултати што се објавуваат во стручното списание на Здружението.

## ❖ АКАДЕМИЈАТА ЗА ЕВРОПСКО ПРАВО ВО ТРИР – ERA

Академијата остварува директна соработка со Академијата за европско право (ЕРА) во Трир преку номинација на судии и јавни обвинители да посетуваат тренинг-активности во оваа Академија. Во овој извештаен период реализирани се вкупно пет студиски посети на оваа Академија за вкупно 11 учесници, од кои 5 судии и 6 јавни обвинители.

Како резултат на успешната соработка Академијата доби понуда и ќе испрати по еден учесник на две зимски академии – двонеделни програми за обука на судии за правото на ЕУ во ЕРА што ќе се реализираат во периодот јануари-февруари 2011 година.

## ❖ ЕВРОПСКИОТ ЦЕНТАР ЗА СУДИИ И ПРАВНИЦИ, ЕВРОПСКИ ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА – EIPA

Академијата и Европскиот центар за судии и правници, Европски институт за јавна администрација (ЕИПА), Луксембург, во рамки на Проектот за техничка помош на Луксембург за Република Македонија, „**Правото на ЕУ за правосудството**“, во текот на 2010 година реализира вкупно три обуки посветени на Правото на ЕУ со експерти на ЕИПА, што ги посетија вкупно 103 учесници. Првата обука беше посветена на Интелектуалната сопственост, втората обука беше посветена на Заштита на животната средина и третата Судска соработка во граѓански и кривични предмети.

Исто така, во рамки на оваа соработка, покрај реализирање семинари посветени на Правото на ЕУ, беше реализирана студиска посета во Луксембург наменета за раководители на институции и нивни одделенија – Подобрување на квалитетот на правдата.

Целта на оваа студиска посета беше тристрана: Прво, да ги истражи барањата од една земја-кандидат за пристап кон ЕУ со посебен осврт врз улогата и одговорностите на правосудството во овој поглед. Второ, да се дискутира за воведувањето на Целосното управување со квалитетот (Total Quality Managment – TQM) во правосудниот сектор и да се инспирираат учесниците со конкретни иницијативи кон разгледување на имплементација во нивните судови/правосудни органи и да се информираат за поддршката што можат да ја добијат од страна на Ресурсниот центар на ЕИПА за CAF – Заедничка рамка за оценување. И трето, да се дискутира за тоа како рамноправниот пристап до правдата може да се документира со оглед на една јавност што сè повеќе бара, со особен осврт врз комуникациски стратегии.

Исто така, од особено значење во рамки на соработката на Академијата со Европскиот центар за судии и правници, Европски институт за јавна администрација (ЕИПА), Луксембург, е тоа што како резултат на успешната соработка во текот на 2010 година, Академијата доби покана да номинира двајца учесници на семинар во рамки на Каталогот на активности на ЕИПА, отворен за учество на учесници од други држави. Оваа соработка ќе продолжи и во 2011 година со учество на наши судии и јавни обвинители на повеќе вакви семинари.

- ❖ **РЕГИОНАЛНА АНТИКОРУПЦИСКА ИНИЦИЈАТИВА**

Во рамките на соработката со овој проект, што е од особено значење за развој на капацитетите на правосудството на РМ за успешно препознавање, детектирање, докажување, гонење и пресудување на случаите на корупција, Академијата што минатата година беше домаќин на летната школа, оваа година испрати двајца обвинители на летната школа на оваа тема што се одржа во Драч – Република Албанија.

- ❖ **АМБАСАДАТА НА САД ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – ПРОГРАМАТА ФУЛБРАЈТ**

Од особено значење во рамки на соработката со Амбасадата на САД во Република Македонија како за Академијата, така и за Република Македонија, е студиската посета на нашата Академија од страна на г. Мајкл Дилиберто, правен експерт на Програмата Фулбрајт, медијатор со долгогодишно и богато американско и меѓународно искуство чијашто основна мисија беше размена на искуства во поглед на медијацијата.

Во рамките на оваа посета, што се реализира во периодот од 6 до 17 април 2010 година, одржани се пет обуки за медијација со вкупно 93 учесници, од кои 45 судии, 8 јавни обвинители, 1 раководен судски службеник, 13 судски стручни службеници, 2 административни судски службеници и 24 други учесници. Господинот Дилиберто имаше предавања и на студентите по право на Универзитетот за југоисточна Европа во Тетово, работен состанок со претставници на Државниот универзитет во Тетово, како и предавање на студентите на постдипломските мастерс студии по деловно право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, а предавања одржа и во американските катчиња во Тетово, Штип и Битола за претставници на бизнис-заедницата и други заинтересирани граѓани.

- ❖ **СОРАБОТКАТА СО КОНСУЛТАТИВНИОТ СОВЕТ НА ЕВРОПСКИТЕ СУДИИ ПРИ СОВЕТ НА ЕВРОПА (CCJE)**

Во рамките на Македонското претседателство со Комитетот на министри на Советот на Европа на покана на министерот за правда на Република Македонија, г. Михајло Маневски, во организација на Академијата за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија, Министерството за правда на Република Македонија, Врховниот суд на Република Македонија, Судскиот совет на Република Македонија, а во соработка со Консултативниот совет на европски судии при Советот на Европа, се одржа меѓународна конференција на тема: „Улогата на судиите во извршувањето на судските одлуки во граѓанска, управна и кривична област“.

Оваа конференција беше прв меѓународен настан меѓу останатите кои Република Македонија ги организира во рамките на Македонското претседателство со Комитетот на министри на Советот на Европа.

Конференцијата следеше по дводневниот работен состанок на Работната група на Консултативниот совет на европски судии, чијшто постојан член од 2005 година е и директорот на Академијата, што се одржа од први до трети јуни 2010 година во Охрид, а беше посветен на подготовка на нацрт-мислењето број 13 за улогата на судиите во извршувањето на судските одлуки во нивните односи со другите државни функции и други актери.

Република Македонија остварува активна улога во работата на овој комитет, а особено при широката дистрибуција и дисеминација на македонски јазик на мислењата на овој совет, како и референтните документи, најзначајните конвенции и препораки на Советот на Европа поврзани со овие мислења, како и односната јуриспруденција на ЕСЧП во врска со темите што се предмет на односните теми. Сите усвоени мислења се објавени на веб-страницата на овој совет на македонски јазик.

## <u>ОФИЦИЈАЛНИ ПРИЕМИ НА ДЕЛЕГАЦИИ</u>

Во периодот на извештајниот период Академијата ја посетија следните делегации:

- **Посета на претседателот на ЕСЧП**

  Во рамки на посетата на г. Жан-Пол Коста, претседател на Европскиот суд за човекови права на Република Македонија, на која покрај највисоките претставници на правосудниот систем на РМ, присуствуваа и г-ѓа Мирјана Лазарова Трајковска, судија на Европскиот суд за човекови права, избрана од Република Македонија и г-ѓа Клаудија Вестердејк, претставник од Европскиот суд за човекови права.

  На средбата во рамки на првата посета од страна на претседателот на Европскиот суд за човекови права се разговараше за соработката на правосудните институции на Република Македонија со Европскиот суд за човекови права, за состојбата со предметите по кои постапува Европскиот суд за човекови права, за ефикасноста на судството и за спроведените реформи на правосудството во Република Македонија. На истата средба, директорот на Академијата ги презентираше сите активности реализирани од почетокот на основањето на Академијата до денес во врска со одделни членови на Европската конвенција за човекови права, како и Европскиот суд за човекови права во Стразбур, активности што се опфатени и во овој извештај.

- **Посета на директорката на Школата за магистрати на Република Албанија**

  Реализацијата на оваа посета во текот на извештајниот период е од големо значење за Академијата, воедно и за односите на Република Македонија со Република Албанија , бидејќи во рамките на посетата на директорот на Школата, г-ѓа Маријана Семини, беше потпишан Меморандум за идна меѓународна соработка, со цел продлабочување на меѓусебните односи на двете земји и обуката на млади кадри во судовите и јавните обвинителства.

- **Посета на Делегацијата за надворешна политика на Европскиот парламент**

  Во рамки на извештајниот период Академијата беше домаќин и на Делегација за надворешна политика на Европскиот парламент. На оваа средба европарламентарците, покрај тоа што имаа можност да се сретнат со претставници од македонското правосудство од сите инстанции, од презентацијата на директорката на Академијата се запознаа поблиску и со работата и досегашните активности на Академијата како на домашен, така и на меѓународен план, како и напорите што ги презема Академијата на планот на понатамошно развивање на капацитетите, со цел за развивање во институција што има клучна улога во обуката на идните судии и

јавни обвинители, но и на планот на стручно усовршување на постојните судии и јавни обвинители како вовед во процесот на доживотно учење.

- **Посета на делегација на Руската Федерација**

Во ноември 2010 година, Академијата за судии и јавни обвинители беше домаќин на висока делегација на Руската Федерација. Делегацијата ја сочинуваа претставници на Мисијата на Меѓународната организација за миграции (IOM) во Руската Федерација и тоа: г. Енрико Понцијани (Enrico Ponziani), шеф на мисијата, и г. Кирил Бојченко (Kirill Boychenko), асистент на програмите за трговија со луѓе, и претставниците на Истражниот комитет на Јавното обвинителство на Руската Федерација: поручник-генерал г. Михаил Јадров (Mikhail Yadrov), раководител на Одделот за меѓународна правна соработка при Истражниот комитет, г. Александер Еланцев (Alexander Elantsev), раководител на единицата за процедурална контрола во Истражниот комитет, г. Сергеј Сазин (Sergey Sazin), шеф на Одделот на Истражниот комитет во регионот Орловскаја и г-ѓа Викторија Глибочка (Victoria Glybochka), службеник во единицата за меѓународна соработка при Одделот за меѓународна правна соработка на Истражниот комитет. Посетата имаше за цел да се разменат искуства и да се воспостави соработка со сродни институции во борбата против организираниот криминал, како и размена на корисни информации во однос на институционалната поставеност на едукацијата на судиите и обвинителите, но и во однос на поставеноста на системот за борба против организираниот криминал во двете држави.

## ❖ <u>ПРЕГЛЕД НА ПРОЕКТИ СО КОИ СОРАБОТУВА АКАДЕМИЈАТА</u>

Во 2010 година почна имплементација на два големи проекта што се од огромно значење за развитокот на Академијата како модерна тренинг-институција што функционира согласно најсовремените меѓународни и европски стандарди на обука.

Имено, првиот водечки проект за Академијата е **Проектот ИПА 2008 „Натамошно јакнење на институционалните капацитети на Академијата за обука на судии и јавни обвинители“**, што е финансиран од Европската комисија.

Генералната цел на овој двегодишен проект, што почна да се имплементира на 31 мај 2010 година, е да ја зајакне независноста, ефикасноста, професионализмот и стручноста на правосудството. Поконкретно, Проектот ќе понуди советодавна поддршка на Академијата за судии и јавни обвинители со цел понатамошно унапредување на капацитетите на Академијата и надградба на претходните резултати постигнати со проектите КАРДС.

Подетално, Проектот се состои од следните компоненти:

1. ***Подобрување на системот за изработка на програми за обука.***
2. ***Воспоставување на e-learning систем (електронско учење).***
3. ***Развој на механизам за децентрализирана обука.***
4. ***Јакнење на капацитетите на Академијата за обука на судии и јавни обвинители во однос на библиотеката и веб-страницата на Академијата.***

Во текот на извештајниот период во рамките на овој Проект беше изготвен и усвоен почетниот извештај на Проектот, како и првиот квартален извештај, почната е постапка за

набавка на опрема за имплементација на компонентите 2 и 4, на 21 октомври 2010 година беше одржана конференција за промовирање на Проектот, утврдени се и одобрени експертите кои ќе помагаат во имплементацијата на секоја компонента од Проектот, формирани се работните групи што ќе работата на подготовка на методологијата и програмите за обука во рамките на компонентата 1, со што може да се констатира дека имплементацијата на проектот се одвива согласно динамиката и утврдените проектни задачи.

Вториот проект – **Програмата МАТРА за јуриспруденција**, што почна да се реализира од први април 2010 година, има за цел јакнење на капацитетите на македонското судство преку подобрување на користењето на судската пракса како дополнителен извор на правото. Станува збор за тригодишен проект, што почна со конференција за промовирање на проектот на седми ноември 2010 година, а планирано е да заврши на 30 мај 2013 година. Проектот е финансиран од Кралството Холандија, а како имплементирачки партнер, Академијата тесно ќе соработува со Центарот за меѓународна правна соработка (ЦИЛЦ) од Кралството Холандија. Покрај нив, како главни локални партнери, согласно одобрениот проект, во нашата држава ќе бидат Врховниот суд на РМ, Министерството за правда на РМ, Адвокатската комора на РМ, Правните факултети при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ и „Југоисточна Европа“, како и Македонскиот правен истражувачки центар.

Проектот има три главни компоненти, што преку своите активности треба да ги остварат следниве цели:

- Генерална цел на Проектот да го зајакне владеењето на правото во Република Македонија;
- Посебните цели на Проектот се следниве:
    - Да се подобри и да се зајакне улогата и користењето на судската пракса во домашниот правен систем.
    - Да се зголеми свеста за улогата на судската пракса како дополнителен правен извор.
    - Да се подобри пристапот кон домашната и меѓународната судска пракса, како и нејзината употреба.

Овие цели ќе се постигнат преку организација на различни видови на активности како што се семинари, работилници, креирање на база на податоци за македонската судска пракса и збирка на релевантни судски одлуки, како и преку реализација на една студиска посета во Кралството Холандија за согледување на предностите во користењето на судската пракса во правниот систем на Кралството Холандија.

Академијата ја продолжува соработката со УНИЦЕФ во рамките на двегодишниот Проектот „Правда за децата“, чијшто почеток беше означен во октомври 2010 година. Овој проект е финансиран од ЕУ во рамките на инструментот за претпристапна помош и кофинансиран од УНИЦЕФ. Проектот има за цел подобрување на нормативната рамка, јакнење на капацитетите и превенција за заштита на децата од виктимизација и криминализација.

Покрај горенаведените, Академијата остварува успешна соработка и со други странски проекти со чијашто техничка и финансиска поддршка организира бројни работилници, тркалезни маси, семинари, студиски престои и слично, а кои се прикажани како што следи:

- **Проектот на Управниот суд за користење средства од фондовите ИПА;**
- **GTZ;**
- **TAIEX;**
- **EIPA;**
- **IRZ Германска фондација за меѓународна правна соработка;**
- **UNHCR;**
- **Проект на Светската банка при Министерството за правда на Република Македонија;**
- **PROSECO Проект за поддршка на обвинителската мрежа во Југоисточна Европа;**
- **Совет на Европа;**
- **Амбасадата на САД во Република Македонија – ОПДАТ;**
- **Амбасадата на САД во Република Македонија – Програмата Фулбрајт;**
- **USAID/Проект за деловно стопанско окружување;**
- **IOM – Меѓународната организација за миграции;**
- **УСАИД (USAID);**
- **Коалиција – Сите за правично судење;**
- **Проект на Владата на РМ за антикорупција и други.**

❖ **ПРИСТАПУВАЊЕ НА ПРОЕКТОТ „ОБУКА НА НАЦИОНАЛНИТЕ СУДИИ ЗА ЕУ КОНКУРЕНТСКО ПРАВО И СУДСКА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ НАЦИОНАЛНИТЕ СУДИИ“ ВО СОРАБОТКА СО ЗДРУЖЕНИЕТО НА СУДИИ НА РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА И БУГАРСКИОТ ИНСТИТУТ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ПРАВНИ ИНИЦИЈАТИВИ (ИНСТИТУТ БИЛИ)**

Во рамките на овој проект, покрај обуки за националните судии, Академијата со свој експерт ќе учествува во подготовка на компилација на законски прописи од оваа област и кој со свој натпис и вовед во конкурентското право ќе даде придонес во оваа публикација.

❖ **ПРИСТАПУВАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА КОНКУРЕНТСКО ПРАВО ВО СОРАБОТКА СО ОДДЕЛОТ ЗА ЕВРОПСКО ПРАВО ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО РИМ, ИТАЛИЈА**

Во рамките на овој проект се предвидуваат обуки за судиите од областа на конкурентското право со вклучување на странски експерти.

## X КОМПЈУТЕРСКИ СИСТЕМ

Во текот на 2010 година се реализираше јавна набавка на хардверска опрема и лиценци, со која се постигна солидна заштита на компјутерскиот систем во Академијата, се воведе контрола на пристап до податоци, како и контрола на работењето на службениците. Дополнително, Академијата воведе и високонапреден, автоматски систем за бекап и архивирање на податоците и комуникациите за електронска пошта, со што се осигурува нивен интегритет и минимална можност за нивно губење. Со цел потполно и непречено искористување на новата опрема, Академијата воспостави повисока брзина на интернет-сообраќај од 16 Mbps, како и фиксна ИП-адреса. Од декември 2010 година Академијата

почна со самостојно хостирање на комуникацијата преку електронска пошта. Се очекува многу скоро да почне и со самостојно хостирање на својата веб-страница.

Исто така, на крајот на првиот квартал од 2010 година се воведе и автоматизирана евиденција на работното време.

Во тек е фазата на набавка на опрема од Проектот ИПА за понатамошно јакнење на институционалните капацитети на Академијата за обука на судии и јавни обвинители, што, покрај останатите компоненти, има за цел да креира и да спроведе електронско учење за судиите и јавните обвинители и да го подобри изгледот и структурата на веб-страницата на Академијата.

Со воспоставување на системот за електронско учење во голема мера би се поедноставил процесот на учење, бидејќи пристапот до обуката и материјалите за обука би бил многу полесен и пофлексибилен. Исто така, значително би се намалиле трошоците за обуките, бидејќи системот за електронско учење ќе биде важен дел од стратегијата на Академијата и за децентрализираната обука. Брзиот пристап до различни видови на електронски обуки и материјали се очекува да резултира во успешно завршени виртуелни предавања, без притоа да предизвика дополнителен напор во секојдневната работа на судиите и јавните обвинители. Во исто време се претпоставува дека ќе се подигне нивото на свест кај корисниците за подробностите на ваков вид обука и што е уште поважно, ќе се зголемат нивните компјутерски вештини. Во состав на развојот и дистрибуцијата на овој систем влегува и набавка на соодветна ИТ-опрема.

Друга компонента што ќе биде реализирана од овој проект е подобрување на изгледот и структурата на веб-страницата на Академијата како примарен медиум за претставување на Академијата и нејзината суштина. Покрај тоа што веб-страницата би претставувала влез во системот за електронско учење, се очекува низ нејзиниот интерфејс вработените да манипулираат со подготовка на обуките, додека судиите и обвинителите да добијат корисни информации во поглед на индивидуалните обуки, редовност во посета на одредени обуки и степенот до кој го оствариле нивниот законски годишен минимум. Со интегрирање на базата на податоци од библиотеката, веб-страницата би овозможила многубројни материјали во електронска форма, како и влез до некои онлајн-ресурси на други институции.

Сите модули што ќе бидат имплементирани во состав на овој проект ќе бидат во соработка со постоечкиот портал на Академијата, каде што моментално се води комплетна база на податоци за учесниците во почетната обука и за учесниците во постојаното стручно усовршување. Истовремено, во порталот се води запис за сите активности што се одвиваат во Академијата, како за наставата во почетната обука, така и за реализацијата на обуките за постојано стручно усовршување. Ова софтверско решение најде голема примена и во размена на документи во електронска форма (document flow) помеѓу вработените, како и во лесно и централизирано менаџирање на документите, што резултира во побрзо извршување на секојдневните обврски, подобра комуникација помеѓу вработените и заштедување ресурси.

Со приспособување на новиот и постоечки хардвер и софтвер на потребите на Академијата се очекува солидна модернизација на компјутерскиот систем, како и пораст во квалитетот и квантитетот на сработеното, полесно делегирање задачи и одржување обуки и поголема заштеда на ресурси, што би значело голем чекор напред кон исполнување на европските стандарди за сигурност и модернизација на компјутерските системи.

Активностите во овој сегмент од работењето на Академијата се реализираа согласно Стратегијата за информатичко-комуникациска технологија за правосудството (ИКТ) 2007-2010 година, со што се овозможи креирање и имплементација на ефикасни системски решенија што се во согласност со европските и меѓународните стандарди. На овој начин, исто така се олеснува работата, се обезбедува поголема координација и комуникацијата како внатре во институцијата помеѓу вработените, така и со правосудните и другите институции и меѓународни партнери на Академијата (особено со имплементацијата на порталот SharePoint). Исто така, се обезбеди и поголема заштита и безбедност на податоците, ИТ-системите и комуникациите. Успешното реализирање на проектот за понатамошно јакнење на институционалните капацитети на Академијата ќе резултира во уште полесно спроведување на обуките, зголемување на интересот и знаењето на судиите и јавните обвинители во многу области, како и заштеда на многу ресурси.

## XI БИБЛИОТЕКА

Библиотеката на Академијата за судии и јавни обвинители има голема улога во унапредувањето на знаењата на идните судии и јавни обвинители, но и во усовршувањето на знаењата на судиите и јавните обвинители, како и на судската и јавнообвинителската администрација.

Во таа смисла, продолжува трендот на континуираното збогатување на библиотечниот фонд со законски текстови, домашна и странска правна литература и стручни списанија, со што Академијата им нуди на своите корисници широк спектар на правни текстови, како и линкови на бази на податоци што ги објавува на веб-страницата. Имено, во 2010 година во целост беше реализирана набавката на 30 нови книги од македонски и странски автори. Станува збор за најнови изданија од областа на правосудството. Следејќи ги најновите достигнувања во делот на библиотечното работење, во средината на 2010 година библиотеката почна со работа во реалната база на системот COBISS, а до крајот на 2010 година во тој систем се наоѓаат над 500 записи од обработени книги што се дел од библиотечниот фонд на библиотеката.

Со задоволство може да се посочи дека библиотеката веќе е уредена согласно со ЕУ-стандардите во библиотечното работење.

Кон крајот на 2010 година, библиотеката почна со создавање база на материјали, во која ќе се најдат презентациите и материјалите на сите национални едукатори и странски експерти кои имале свое излагање или предавање, како и материјали подготвени од менторите. Сите овие материјали ќе бидат систематизирани во посебни датотеки согласно областа на која припаѓаат.

И во 2010 година, Академијата ја продолжи соработката со Германското друштво за техничка соработка – ГТЗ, при што беа издадени два броја на стручното списание за правосудство „IUSTITIA“, во кое беа публикувани написи за теми посветени на квалитетот на судските одлуки и правдата, новините во Законот за кривична постапка, како и на човековите права и Европскиот суд за човекови права.

Развојот на информатичкото општество наложува и изнаоѓање на модерни и софистицирани решенија што ќе им понудат полесен начин на пребарување и пристап до

информации на корисниците. Во таа насока, во рамките на Проектот ИПА предвидени се и неколку активности што се однесуваат на библиотеката, како што се: нов интерен софтвер за подобра организација и усовршување на библиотечното работење, софтвер што со редизајнирање на веб-страницата ќе им овозможи полесно пребарување, како и поедноставен и побрз пристап на корисниците до базите на информации што ги има библиотеката. Засега, постојат неколку предлози за усовршување на работата на библиотеката од страна на експертите од Проектот ИПА и сите се однесуваат на дизајнирање на новиот интерен систем за електронско библиотечно работење што би почнал да функционира по редизајнирањето на веб-страницата на Академијата.

# XII БУЏЕТ И ЈАВНИ НАБАВКИ

## ❖ БУЏЕТ

За 2010 година, на Академијата ѝ беше одобрен буџет во висина од 32.369.000,00 денари. Со усвојувањето на ребалансот на буџетот, беше извршено намалување на буџетот на Академијата во висина од 6.610.000,00 денари. По усвоениот ребаланс, вкупниот буџет на Академијата изнесуваше 25.759.000,00 денари. Во декември 2010 година, Министерството за финансии, на барање на Академијата, одобри дополнителни средства во износ од 505.000,00 денари.

На крајот на 2010 година Академијата располагаше со буџет во износ од 26.264.000,00 денари.

Од почетокот на 2010 година, а заклучно со 31.12.2010 година, Академијата има реализирано 26.001.060,00 денари од својот буџет.



Во текот на извештајниот период од вкупно предвидените 20 јавни набавки за 2010 година, Академијата ги реализираше сите предвидени набавки, од кои 17 постапки за јавни набавки од мала вредност и три тендерски постапки.




# XIII СТАТИСТИКИ

Академијата редовно ја ажурира и базата на податоци за судиите и јавните обвинители. Имено, редовно ги внесува сите настанати промени во нивниот моментален статус, на пример избор, пензионирање, разрешување, флуктуација од еден во друг суд/јавно обвинителство, унапредување, материја во која постапува, бидејќи од оваа база, Академијата преку разни статистики ги црпи сите параметри што се однесуваат на бројот на планирање на обуките по области за постојано стручно усовршување согласно целните групи, понудувајќи доволен број на обуки со цел да им овозможи на сите целни групи да го исполнат задолжителниот број часови за тековната година.







## СЛЕДЕЊЕ НА ПОСЕТЕНОСТА И ФЛУКТУАЦИЈА НА ОБУКИТЕ

Со ваквиот начин на водење на детални статистики и нивно следење во голем дел се олеснува работата при

планирање на кварталните детални календари со што придонесува во огромен дел за рационално трошење на финансиските средства, бидејќи во секој момент може точно да се види колку обука треба да понуди Академијата за секоја целна група согласно материјата на која работат судиите и јавните обвинители. Особено во преземање на антикризна ситуација, со која секојдневно се соочуваат сите институции и за Академијата како јавна установа е од голема корист процентот на исполнетост на часови во првиот дел од тековната година.

За таа цел Академијата го сведе на минимум обуки календарот со обуки за периодот септември-декември 2010 година, и тоа давајќи приоритет на обуките што треба да се реализираат и на обврските што произлегуваат од НПАА (Национална програма за усвојување на законодавството на Европската унија), целите и приоритетите на Република Македонија за членство во Европската унија, потребата од хармонизација на домашното законодавство со меѓународното, како и потребата судиите и обвинителите од РМ да ги применуваат меѓународните стандарди во секојдневното постапување. Исто така, при подготовка на календарот беа земени предвид и обуките што ги организира Академијата во соработка и кофинансирање на други проекти, невладини организации и институции како домашни, така и странски. Со ваквиот статистички преглед се пристапи кон спојување на обуките и тие се одржуваа во Академијата, откако беше увидено дека одредени обуки не се финансиски исплатливи да се организираат децентрализирано по апелациско подрачје, од причина што голем дел од судиите и јавните обвинители кои работат на конкретната материја ги исполниле законските часови, во насока на рационално користење на финансиските средства, а притоа и останатите да ги исполнат задолжителните часови.




Исто така, Академијата, како млада институција, постојано ги користи компаративните искуства во поглед на воведување новини во организирање на обуките со цел тие подобро и поефикасно да бидат спроведени, а притоа следејќи ги европските стандарди. Така, по искуствата на школите од регионот и пошироко организирањето обуки одделно за судии и одделно за јавни обвинители увидено е дека ваквите обуки се многу неисплатливи од финансиски аспект, но и не функционални, од причина што судиите и јавните обвинители немаат можност заеднички да дискутираат и да согледаат некои проблеми со кои секојдневно се соочуваат при примена на конкретните законски решенија.

**Преглед на исполнетост на законски минимум на часови во постојаното стручно усовршување на судии и јавни обвинители во 2010 година**




**Преглед на исполнетост на законски минимум на часови во постојаното стручно усовршување на судиите и јавните обвинители во првиот дел од тековната 2010 година поделено по целни групи**












**Преглед на исполнетост на законски часови обука на судиите и јавните обвинители во првата половина на 2010 година по месеци одделно изразено во бројки и процентуално изгледа вака:**







**Преглед на исполнетост на законски часови обука на судиите и јавните обвинители во втората половина на 2010 година по месеци одделно изразено во бројки и процентуално изгледа вака:**







## XIV ЕВАЛУАЦИЈА

Академијата продолжува со спроведување евалуација на почетната и на континуираната обука, на едукаторите и менторите.

Академијата настојува да ги спроведува меѓународните стандарди за обука што наметнуваат водење на разни анализи, статистики и евиденции, со цел да се утврдат ефектите од обуката на краткорочни, среднорочни и долгорочни патеки.

Во поглед на почетната обука, се спроведе евалуација на практичната обука од страна на кандидатите на втората генерација, како и на теоретската настава од страна на кандидатите од третата генерација, а тие извршија евалуација и на едукаторите и на менторите ангажирани во обуката. Целта на оваа евалуација е преку анализа на забелешките, сугестиите и предлозите на кандидатите, едукаторите и менторите, како и на стручната служба на Академијата, да се подобри организацијата на наставата, да се унапредат наставните содржини, техники и наставни материјали. Како резултат на овие евалуации се воведоа измени во подзаконските акти што ја регулираат теоретската и практичната обука, а во правец на нивна поуспешна реализација.

Евалуацијата во поглед на постојаното стручно усовршување перманентно се спроведува преку пополнување на евалуациските прашалници на крајот на секоја обука.

Како и секоја година, така и на крајот на 2010 година се спроведе годишна евалуација на едукаторите ангажирани во рамките на континуираната обука.

Овие две евалуации се користат за подобрување на наставата на едукаторите, наставните техники и вештини, а пошироко за анализа на потребите на целните групи. Во голем дел овие евалуации помогна и при изготвувањето на Општата програма за континуирана обука за 2011-2012 година.

## XV ЈАВНОСТ НА РАБОТЕЊЕТО

Академијата за обука на судии и обвинители обезбедува редовно јавно и транспарентно информирање за своите активности преку интернет-страницата www.jpacademy.gov.mk, огласната табла и објавувањето на усвоените акти во „Службен весник на Република Македонија“. Најголем дел од информациите за работењето на Академијата се објавени на интернет-страницата на Академијата, како: актите, организациската структура и состав, програмите за обука, календари на обуки, додека, пак, за позначајните настани што ги организира доставува прес-извештаи до медиумите во Република Македонија, објавува интервјуа и слично.

Една од најважните заложби на Академијата е со редизајнирањето и менувањето на структурата и перформансите на интернет-страницата, покрај транспарентност во работењето, да се постигне повисоко ниво на углед на институција што е ориентирана кон задоволување на потребите на своите корисници. Преку овозможување достапност на што поголем број материјали, презентации и корисни линкови поврзани со предметните семинари, како и електронско пријавување за нивно учество, Академијата ќе го олесни реализирањето на континуираната обука на сите свои корисници, ќе им овозможи на потенцијалните учесници пред обуката да се подготват за дискусија, но во исто време ќе им овозможи достапност до тренинг-материјалите и на оние учесници што не ја следеле конкретната обука.

Со новите перформанси што ќе бидат воведени преку интернет-страницата, секој судија и обвинител ќе има можност во секое време да се информира за своите реализирани часови обука, а со тоа ќе се заштеди и време и финансиски средства.